

# КАТАЛОГ НА АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА

ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Скопје, 2022 година



Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# КАТАЛОГ НА АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА

## за наставниците во основните училишта

Скопје, 2022 година

## АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СПОРЕД ПОДРАЧЈА НА КОМПЕТЕНЦИИ:


| | | |
|---|---|---|
| I | ЗНАЕЊА ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ | 4 |
| | Знаења за воспитно-образовниот систем | 5 |
| ПРОГРАМА 1 | Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење | 5 |
| ПРОГРАМА 2 | Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците | 9 |
| ПРОГРАМА 4 | Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта | 13 |
| ПРОГРАМА 5 | Самоевалуација на квалитетот на образованиот процес на ниво на училиште | 18 |
| ПРОГРАМА 7 | Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| II | ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ | 28 |
| | Планирање и подготовка на наставата | 29 |
| ПРОГРАМА 10 | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост. | 29 |
| | Реализација на наставата | 35 |
| ПРОГРАМА 12 | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 35 |
| ПРОГРАМА 13 | Настава базирана на проблемски пристап | 41 |
| ПРОГРАМА 14 | Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми | 45 |
| ПРОГРАМА 15 | Настава за развивање критичко мислење кај учениците | 51 |
| ПРОГРАМА 16 | Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво | 54 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Оценување на учениците** | **60** |
| ПРОГРАМА 17 | Дизајнирање објективни тестови на знаење | **60** |
| | **Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби** | **63** |
| ПРОГРАМА 20 | Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) | **63** |
| **III** | **СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ** | **70** |
| | **Создавање безбедна и стимулативна средина за учење** | **71** |
| ПРОГРАМА 22: | Справување со врсничкото насилство и кибернасилство | **71** |
| ПРОГРАМА 23: | Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците | **76** |
| | **Училишна клима** | **82** |
| ПРОГРАМА 24: | Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница | **82** |
| **IV** | **СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА** | **88** |
| ПРОГРАМА 26: | Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици | **89** |
| **V** | **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | **96** |
| ПРОГРАМА 29: | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | **97** |

I

# ЗНАЕЊА ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **1** | **Наслов на програмата за обука:** | **Учење од далечина: интернет-апликации и платформи за учење** |
| **Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење** | | **Изведувач на обуката:** | Фондација-МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР НИКОЛА КЉУСЕВ, Скопје и Приватно средно училиште Средношколска Академија за Бизнис и Администрација – САБА Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, два дена по 4 часа** |

| **ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА** | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **I. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**<br>**Дигитална писменост** |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Учесниците ќе бидат обучени за користење на информатичката технологија за учење од далечина. Тие ќе стекнат компетенции за активно вклучување во информатичкото и технолошки софистицираното современо општество.<br><br>Учесниците ќе бидат обучени за тоа како да ја користат платформата за учење од далечина *Едмодо*. Тие ќе научат како да креираат свој профил, да формираат групи со учениците, да споделуваат материјали во рамки на секоја група, како да им задаваат задачи на учениците итн. Тие, исто така, ќе бидат обучени за тоа како може да ја користат платформата *Едмодо* за тестирање на учениците од далечина.<br><br>Во вториот дел учесниците ќе бидат обучени за користење на интернет-апликациите: *Кахут (Kahoot), Квизиз (Quizziz)* и *Стадистак (StudyStack).* Тие ќе научат како да креираат свои профили на овие апликации и како да креираат тестови со нив. Овие апликации може да се користат за повторување на материјалот или за тестирање на учениците како за учење од далечина така и кога учењето е во училница. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | 1. ***Едмодо*** – Интернет-платформа за учење<br>Што е Едмодо? Регистрација на профил, уредување на профилот, креирање на група.<br><br>2. ***Кахут* (Kahoot) – Интернет-апликација за повторување на материјалот и/или за тестирање на знаењето**<br>Креирање на профил, креирање на квиз, поставување прашања и одговори, уредување на прашања, тестирање.<br><br>3. ***Квизиз* (Quizzes) – Интернет-апликација за повторување на материјалот и/или за тестирање на знаењето**<br>Креирање на профил, креирање на квиз, поставување прашања и одговори, уредување на прашања, тестирање на апликацијата.<br><br>4. ***Стадистак* (StudyStack) – Интернет-апликација и алатка за учење**<br>Преку која учесниците може да креираат различни видови тестови за повторување на материјалот или за тестирање на учениците<br>Креирање на профил, избор на темите и видовите квизови. |

## Агенда на обуката

***Учење од далечина: интернет-апликации и платформи за учење***

| | |
|---|---|
| | **Прв ден** |
| **08:00 – 08:30** | Пристигнување и регистрација на учесниците. |
| | **СЕСИЈА 1 (120 минути)** |
| **08:30 – 09:00** | Презентација на програмата, искуства од досегашната примена на ИТ во наставата. |
| **09:00 – 10:30** | Што е *Едмодо*? Регистрација на профил, уредување на профилот, креирање на група (индивидуална работа на компјутер). |
| **10:30 – 10:50** | Кафе-пауза |
| | **СЕСИЈА 2 (100 минути)** |
| **10:50 – 11:30** | Креирање на содржини, користење на библиотека. |
| **11:30 – 12:00** | Креирање на Асајнмент (*Assignment*). |
| **12:00 – 12:30** | Креирање на тестови во *Едмодо.* |
| | **Втор ден** |
| **08:00 – 08:30** | Пристигнување и регистрација на учесниците. |
| | **СЕСИЈА 3 (120 минути)** |
| **08:30 –09:30** | Презентација на интернет- апликацијата *Кахут (Kahoot).*<br>Креирање на профил, креирање на квиз, поставување прашања и одговори, уредување на прашања, позадини, време за решавање, додавање видеа и линкови.<br>Тест на интернет-апликацијата преку индивидуална и групна активност со користење на компјутер и/или мобилен телефон. |
| **09:30 – 10:30** | Презентација на интернет-апликацијата *Квизиз (Quizziz).*<br>Креирање на профил, креирање на квиз, поставување прашања и одговори, уредување на прашања, позадини, време за решавање, додавање видеа и линкови.<br>Тест на интернет-апликацијата преку индивидуална и групна активност со користење на компјутер и/или мобилен телефон. |
| **10:30 – 10:50** | Кафе-пауза |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 4 (60 минути)** |
| **11:00 – 12:00** | Презентација на интернет-апликацијата Стадистак (*Studystack*).<br>Креирање на профил, поставување прашања и одговори, избор а темите и видовите квизови.<br>Тест на интернет-апликациите преку индивидуална и групна активност со користење на компјутер и/или мобилен телефон. |
| **12:00 – 12:30** | Доделување сертификати, прашања. |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Со оваа обука учесниците ќе бидат обучени за практично користење на интернет-апликации и ИТ-алатки за учење од далечина, како и платформи за учење.<br>Учесниците ќе ги стекнат сите потребни вештини и сознанија за подоцна да можат да го применат наученото во нивната воспитно-образовна работа во училиштето. Тие ќе стекнат знаења и вештини за креативно користење на ИКТ во образовниот процес, како и користење на ИКТ за комуникација и соработка со учениците, за безбедно споделување на информации, за работа на проекти.<br>Учесниците ќе стекнат знаења за креирање на дигитални содржини, а ќе научат и како да планираат и реализираат дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаење (домашна работа, соработка помеѓу учениците, работа на проекти).<br>Учесниците ќе осознаат како да користат разни извори, материјали и средства во процесот на учење, вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Наставници од основни и средни училишта | 200 | 2021 |
| Поврзување на стручните средни училишта со компаниите | Наставници од средни стручни училишта од Град Скопје | 50 | 2021 |
| Справување со хиперактивни ученици – АДХД | Наставници од основни и средни училишта | 300 | 2021, 2022 |
| Човекови права во образованието | Наставници од средни училишта од Скопје, Битола, Кавадарци, Кичево | 400 | 2017 |
| ИТ-алатки во образованието | Наставници од основни и средни училишта од Скопје, Битола, Штип | 300 | 2016 |

| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **2** | **Наслов на програмата за обука:** | ***Воспитание во современ контекст: развивање социоемоционални вештини кај учениците*** |
|---|---|---|---|
| **Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците** | | **Изведувач на обуката:** | Универзитет во Тетово |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа во два дена по 4 часа** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Подрачје на компетенции | **I. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**<br>**Личен и социјален развој** |
|---|---|
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | – Како резултат од учењето од обуката на тема **Самоосвестување** учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да умеат да ги идентификуваат сопствените емоции; да ги увидуваат причините за појава на емоции; да преземаат одговорност за сопствените емоции што произлегуваат од фрустрирачки ситуации.<br>– Како резултат од учењето од обуката на тема **Самоуправување** учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да прават разлика меѓу степените на лутина; да идентификуваат начини за управување со негативни емоции и насоки за позитивно мислење; да умеат да ги поддржат учениците да се чувствуваат овластени и сигурни во ситуации кога имаат контрола и да се смирени и да ги прифаќаат ситуациите кога не се под нивна контрола.<br>– Како резултат од учењето од обуката на тема **Социоемоционална интеракција** учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да покажуваат разбирање на емоциите и чувствата на другите; да имаат увид за предностите на соработката; воочување на придонесот на јаките страни и намалување на јачината на слабите страни на поединците кои се дел од група.<br>– Како резултат од учењето од обуката на тема **Социоемоционално управување** учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да умеат со соговорникот да воспостават контакт со очи; соодветна положба на телото; поставување на прашања кои покажуваат разбирање и заинтересираност; да го сумираат искажаното. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **I Сесија**<br><br>***Вовед:*** *Презентирање на обучувачите, на учесниците, целта на обуката, презентирање на темите, начинот на работа и правилата за работа.*<br><br>***Тема: Самоосвестување***<br><br>*Презентација од обучувачите за поттикнување на емоциите, врската помеѓу настани/ситуации, мисла/став и појавување на емоции/чувства. Потоа индивидуално работат на задача (во работен лист) за горенаведените поими. Следува активноста преку работен лист (индивидуална работа) за идентификување на сопствените емоции и пленарна дискусија за значајноста на идентификувањето и изразувањето на истите. Последната активност што ќе се одвива во парови е вежбање на преземање на одговорноста за тоа како се чувствуваат наместо да ги обвинуваат другите.* |
| --- | --- |
| | **II Сесија**<br><br>**Тема: Самоуправување**<br><br>Се презентира концептот на самоуправување. Следува активност каде што учесниците на работни листови ќе разграничуваат степени на чувство на лутина, потоа ситуации кои ги предизвикуваат истите и начините како се справуваат со чувството. Пленарно споделуваат и се прави листа/список на начини на справување со чувството на лутина. Во следната активност пленарно, преку квиз, се прави дистинкција со учесниците помеѓу ситуациите кои се и кои не се под „наша“ контрола. Во втората активност учесниците, поделени во мали групи, пополнуваат Карти на позитивно мислење и ги презентираат пред останатите учесници. Следува активноста Кругот на контрола, при што учесниците индивидуално прелистуваат ситуации и стратегии за соочување/надминување на ситуациите кои не се под „наша“ контрола. |
| | **III Сесија**<br><br>**Тема: Социоемоционална интеракција**<br><br>Се презентира значајноста на социоемоционалната интеракција (СЕИ) како дел од социоемоционалните вештини. Следува читање на индиската народна приказна „Мажите и слонот“ преку пауерпоинт-презентација. Потоа учесниците се стимулираат на дискусија преку прашања со цела група и се водат кон заклучок дека секој може да има различна перспектива за иста работа и секој да е во право. Следува формирање на мали групи. Секој поединец во групата има задача индивидуално да креира со конец своја фигура. Учесниците, поделени во мали групи, дискутираат/коментираат за фигурите и преку прашања водени од обучувачите се доаѓа до заклучок дека е мошне важно да се почитува мислењето на другите, а истовремено да се вреднува и сопственото мислење. Во мали групи се продолжува со следната активност Задачи во екипа. Секој поединец се насочува кон своите јаки страни што може да придонесе за спроведување на задачата што ќе ја има групата. Потоа учесниците дискутираат за заклучоците. Сесијата завршува со активноста *Квиз за емпатија* (во парови). |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **IV Сесија**<br><br>**Тема: Социоемоционално управување**<br><br>По краткиот вовед за концептот на социоемоционалното управување следува активноста преку играње улоги за вежбање на вештините за активно слушање. Обучувачите преку играње улога со кратка конверзација ги демонстрираат вештините за активно слушање. Учесниците се делат во парови. Секој поединец од парот еднаш ќе биде во улога на активен слушач и еднаш во улога на раскажувач, притоа треба да ги демонстрираат елементите на активно слушање. На крај учесниците пополнуваат прашалник *Тестирање на слушањето* за да ги подобрат вештините за активно слушање. |

**Агенда на обуката**

| | |
|---|---|
| | **Прв ден** |
| | **СЕСИЈА 1** |
| **10:00 – 12:00** | **Самоосвестување** |
| **(30 минути)** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 2** |
| **12:30 – 14:30** | **Самоуправување** |
| | **Втор ден** |
| | **СЕСИЈА 3** |
| **10:00 – 12:00** | **Социоемоционална интеракција** |
| **(30 минути)** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 4** |
| **12:30 – 14:30** | **Социоемоционално управување** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | 1. Проверка на задоволството на учесниците од обуката преку евалуациски лист.<br>2. Проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката преку рефлексија на крај на секоја тема. Исто така, евалуацискиот лист ќе содржи блок прашања за секоја тема одделно.<br>3. За следење на примената на стекнатите сознанија од обуката во наставата до наставниците ќе се достави образец за месечен извештај за практиките од примена на сознанијата стекнати во обуката.<br>4. За мерење на ефектите од обуката во училиштата ќе се спроведуваат фокус-групи со наставниците и учениците. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу 5 одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |

| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **4** | **Наслов на програмата за обука:** | ***Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта*** |
|---|---|---|
| **Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за интелектуални и образовни услуги ВИРТУАЛ-М ДООЕЛ Куманово |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **I. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**<br><br>**Социјална и образовна инклузија** |
| Очекувани резултати | 1. Обучени наставници да реализираат мултикултурни активности во еднојазичните и повеќејазичните училишта за промовирање и почитување на културната различност и интеракција меѓу учениците коишто се припадници на различни етнички заедници и учат на ист наставен јазик или на различни наставни јазици.<br>2. Обучени наставници да реализираат мултикултурни содржини/цели во наставата и воннаставните активности во училиштата. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br><br>**Мултикултурно учење во наставата и воннаставните активности**<br><br>**Содржини:**<br><br>1. Прифаќање и почитување на културните разлики. Наставниците преку работа во групи ќе дискутираат и ќе развиваат отворен пристап во запознавање на историските, културолошките и религиските особености во нашата држава.<br>2. Негување и примена на мултикултурализмот во наставата. Наставниците ќе следат презентација за димензиите на мултикултурното образование во училиштето и преку работа во групи ќе анализираат и дискутираат за примери од секојдневната работа/настава/наставни програми поврзани со мултикултурализмот во наставата и ќе подготват примери за планирање на час и за активности со мултикултурни содржини кои ќе ги промовираат културните карактеристики на сите етнички/религиски заедници кои живеат во нашата земја и/или укажуваат на интеракцијата меѓу припадниците на овие заедници. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

Теми и кус опис на содржините за секоја тема

**Тема 2:**

**Развивање вештини за комуникација**

### Содржини:

1. Развивање вештини за комуникација и соработка. Наставниците ќе следат презентација за ненасилна комуникација и препознавање на стереотипи и предрасуди и преку работа во групи ќе вежбаат ненасилна комуникација.
2. Градење вредности за меѓуетничка интеграција во мултикултурно општество. Наставниците преку демонстрација, примери од реалноста, секојдневни искуства и интерпретација ќе развиваат вештини за справување со предизвиците од етничка дискриминација и активности за социјална праведност, како важен фактор за меѓуетничка интегрираност во мултикултурните општества.
3. Јакнење на свеста за вредностите на културното наследство и негово зачувување како богатство на културната разновидност во РС Македонија. Наставниците ќе следат презентација за значењето на богатството на културната разновидност и преку вежби, дискусии и дебати ќе ја афирмираат потребата од јакнење на заедничките културни вредности и културната разновидност.

## Агенда на обуката

### СЕСИЈА 1 (225 минути)

**Тема 1:**

**Мултикултурно учење во наставата и воннаставните активности**

### Содржина 1:
### Прифаќање и почитување на културните разлики

| | |
|---|---|
| **08:30 – 09:30** | – Воведна работилница: Меѓусебно запознавање и одредување правила на групата и тестирање со Влезен прашалник.<br>– Презентација на мултикултурализмот како граѓански концепт во општеството.<br>– Мултикултурност, етницитет и индивидуален идентитет (обичаи, традиции, фолклор). |
| **09:30 – 10:00** | Вежба: *Од форми до цртежи* (работа во групи). |
| **10:00 – 10:45** | Вежба: *Прослава на празници* (работа во групи). |
| **10:45 – 11:15** | Работилница: *Колку се познаваме?* (квиз) (работа во групи). |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| | **Содржина 2:**<br>**Негување и примена на мултикултурализмот во наставата** |
| **11:15 – 11:45** | – Презентација за димензиите на мултикултурното образование во училиштето.<br>– Презентација за инклузија, разновидност и демократски вредности. |
| **11:45 – 12:15** | **Вежба:** Изработка на постер (работа во групи).<br>Од идеја до реализација (работа со материјали и конструирање) – *Ликовно образование* (шесто одделение). Учесниците работат во три (3) групи, истражувајќи на интернет за изградени христијански и исламски верски објекти, а потоа изработуваат постер врз основа на истражените податоци.<br>Првата група истражува православни верски објекти.<br>Втората група истражува католички верски објекти.<br>Третата група истражува исламски верски објекти.<br>Секоја група изработува постер, презентирајќи за сличностите и разликите во однос на архитектонските карактеристики. |
| **12:15 – 12:45** | Пауза (ладен оброк). |
| | **СЕСИЈА 2 (225 минути)** |
| | **Тема 2:**<br>**Развивање вештини за комуникација** |
| | **Содржина 1:**<br>**Развивање вештини за комуникација и соработка** |
| **12:45 – 13:15** | Презентација: Комуникација и вештини за комуникација и соработка (ненасилна комуникација и стереотипи и предрасуди) и разлики. |
| **13:15 – 13:45** | Вежба: *Живот на остров* **–** ненасилна комуникација (работа во групи). |
| **13:45 – 14:15** | Презентација за градење вредности за меѓуетничка интеграција во мултикултурно општество преку градење културно интегрирана училница. |
| **14:15 – 14:45** | Дискусија на наставниците во која наведуваат лични примери од секојдневното искуство во градењето вредности кај учениците за мултикултурно општество и искуства за справување со етничката дискриминација во училиштето во кое работат. |
| **14:45 – 15:00** | Пауза |

| | |
|---|---|
| | **Содржина 2:** **Градење вредности за меѓуетничка интеграција во мултикултурно општество** |
| **15:00 – 15:30** | Презентација на процесот на планирање на наставна и воннаставна мултикултурна активност со конкретни придобивки за учениците од реализираната активност за време на часот. |
| **15:30 – 16:00** | Вежба: Планирање на активност на часот или воннаставна активност со застапеност на мултикултурна активност, истакнувајќи ги придобивките од таа активност (работа во групи). |
| | **Содржина 3:** **Јакнење на свеста за вредностите на културното наследство и негово зачувување како богатство на културната разновидност во РС Македонија** |
| **16:00 – 16:30** | Презентирање на изготвената активност од страна на секоја група. |
| **16:30 – 17:00** | Презентација за реализација на мултикултурна работилница на наставен час или како воннаставна активност со наставници од два наставни јазика со поседување на интеркултурни компетенции на наставниците. |
| **17:00 – 17:15** | Евалуација на обуката. |

| | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | 1. Наставниците ќе бидат оспособени да промовираат мултикултурализам и меѓуетничка интеграција во училиштето преку реализација на активности во наставата и воннаставни активности.<br>2. Наставниците ќе бидат оспособени да ја подобрат училишната клима меѓу учениците и наставниците од различни наставни јазици.<br>3. Наставниците ќе бидат оспособени да влијаат да се намалат конфликтите меѓу учениците од различни наставни јазици во училиштето и надвор од него.<br>4. Наставниците ќе бидат оспособени во наставата да применуваат вештини за комуникација за почитување на демократските вредности.<br>5. Наставниците ќе бидат оспособени да ги поттикнат учениците да ги почитуваат различностите на сите етнички заедници кои се застапени во училиштето.<br>6. Наставниците од различни наставни јазици ќе соработуваат и заеднички ќе ги планираат и реализираат активностите на учениците во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Обуката *Мултикултурализмот во еднојазични и повеќејазични училишта* нуди можност секој наставник/учесник да стекне вештини и компетенции да реализира соодветни мултикултурни активности на часовите и надвор од наставата во училиштето. Таа е исклучително атрактивна и актуелна од аспект на нејзиниот дизајн и образовен контекст.<br>**Дополнителна помош и поддршка за примена на стекнатите знаења од обуката и нивна почетна имплементација во сопствената работа наставниците ќе можат да добијат и по завршувањето на обуката.**<br>Добиениот сертификат од обуката ќе им помогне во нивниот кариерен развој. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Менторства<br>Современи методи за следење на активности и самоевалуација | Наставници од основни училишта КХАМ Делчево | 350 | 2020 |
| Менаџмент-вештини<br>Мајкрософт проект (Microsoft project)<br>СВОТ-анализа<br>Современи техники за едукација | Наставници од основни училишта КХАМ Делчево | 350 | 2021 |
| Активна настава<br>План за личен и професионален развој | Наставници од средни училишта СУГС „Сарај“ | 60 | 2021 |
| Проектен менаџмент во училиштето Превенција и справување со врсничко насилство | Наставници од основни училишта ООУ „11-ти Октомври“ | 96 | 2022 |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **5** | **Наслов на програмата за обука:** | **Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште** |
| **Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште** | **Изведувач на обуката:** | **Друштво за интелектуални и образовни услуги ВИРТУАЛ-М ДООЕЛ Куманово** |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **I. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем** |
| Очекувани резултати | 1. **Обучени наставници за самостојно и тимско учество** во спроведување на процесот на самоевалуација на училиштето, во собирање податоци и информации по подрачја на самоевалуација со примена на различни техники и инструменти, анализирање и оствареност и вреднување на работењето во училиштето.<br>2. **Обучени наставници за детектирање на силни и слаби страни на училиштето,** идентификување на состојбата, поврзување на индикаторите од прашалникот за самоевалуација со клучните подрачја на интервенција, обработка на податоците за одредување на приоритети за развој и изготвување на акциски план.<br>3. **Обучени наставници за изготвување** извештај од самоевалуацијата и потребата од нејзината законска обврска со единствена цел за подобрување, унапредување и обезбедување квалитет во работата и остварување на целите за развој на училиштето. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Самоевалуацијата како процес за подобрување на работата во училиштето**<br>1. Прифаќање и почитување на културните разлики. Наставниците преку работа во групи ќе дискутираат и ќе развиваат отворен пристап во запознавање на историските, културолошките и религиските особености во нашата држава.<br>2. Негување и примена на мултикултурализмот во наставата. Наставниците ќе следат презентација за димензиите на мултикултурното образование во училиштето и преку работа во групи ќе анализираат и дискутираат за примери од секојдневната работа/настава/наставни програми поврзани со мултикултурализмот во наставата и ќе подготват примери за планирање на час и за активности со мултикултурни содржини кои ќе ги промовираат културните карактеристики на сите етнички/религиски заедници кои живеат во нашата земја и/или укажуваат на интеракцијата меѓу припадниците на овие заедници. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 2:**<br><br>**Прашалници за самоевалуација, обработка и толкување на податоци**<br><br>1. Услови и начин на задавање прашалници – проучување на структурата и дизајнирање на прашалниците.<br>2. Обработка на податоците и толкување на резултатите – дефинирање на начините на кои ќе се обработат податоците, претставување и толкување на добиените резултати.<br>3. Нивоа на постигања и оствареност – анализа на добиените резултати и проценка на степенот на оствареност и нивоата на постигања на определени детерминанти.<br>4. Поврзување на индикаторите од прашалникот за самоевалуација со клучните подрачја на интервенција – дефинирање на листа на потреби за интервенција, односно подобрување на одредени индикатори.<br>5. Резиме и заклучоци од подрачјата на самоевалуација – структура на извештај од спроведената самоевалуација.<br><br>**Тема 3:**<br><br>**Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата**<br><br>1. Подрачја на вреднување што се предмет во самоевалуацијата – обработка и анализа на седумте дефинирани подрачја на вреднување.<br>2. Индикатори на постигањата во рамки на самоевалуацијата – обработка на сите индикатори во рамките на секое подрачје во кое се спроведува самоевалуацијата.<br>3. Техники и инструменти на самоевалуацијата – обработка и анализа на сите техники и инструменти според кои се спроведува самоевалуацијата.<br><br>**Тема 4:**<br><br>**Законски обврски за спроведување на процесот на самоевалуација**<br><br>1. Идентификување на слабостите при работењето во училиштето – анализа на извештајот од спроведената самоевалуација и идентификување на недостатоците и слабостите во работењето на училиштето.<br>2. Подготовка за акциски планови. За потребата од преземање соодветни интервенции со цел надминување на недостатоците и слабостите во работењето на училиштето е потребно да се изготват потребните акциски планови со јасно определени цели и задачи, како и определени временски рокови. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **3.** Обврски на училиштето согласно Законот за основното образование – обработка на задолженијата и обврските што произлегуваат од законската регулатива.<br>**4.** Придобивките од законското спроведување на самоевалуацијата. Самоевалуацијата не треба да се сфати само како законска обврска, туку таа е корисна за училиштето за да ја подобри својата работа преку надминување на недоследностите и пропустите во работењето и да се подготви за интегралната евалуација, но и да има влезни параметри за изготвување на програмата за развој на училиштето. |

## Агенда на обуката

| | |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 1 (120 минути)**<br>**Самоевалуацијата како процес за подобрување на работата во училиштето** |
| **08:30 – 08.45** | Претставување на целите на обуката. |
| **08:45 – 09:05** | **Вежба 1:**<br>Пополнување на работен лист со техниката Пет (5) зошто со почетно прашање: *Зошто е (не е) важно спроведувањето на процесот на самоевалуација во училиштето?* и презентација на вежбата. |
| **09:05 – 09:25** | Презентација на содржини од поими, цели и фази на спроведување на процесот на самоевалуација. |
| **09:25 – 09:45** | Споделување на примери од пракса. |
| **09:45 – 10:10** | **Вежба 2:**<br>Поделба на активности по фази на самоевалуација. |
| **10:10 – 10:30** | Презентација на содржини за техниките и инструментите кои се користат во процесот на самоевалуација. |
| | **СЕСИЈА 2 (120 минути)**<br>**Прашалници за самоевалуација, обработка, толкување на податоци и резиме со заклучоци** |
| **10:30 – 10:50** | Презентација на содржини за условите и начинот на задавање прашалници за самоевалуација, обработка на податоците и толкување на резултатите со нивоа на постигнување. |
| **10:50 – 11:10** | Споделување на примери од пракса. |
| **11:10 – 11:30** | **Вежба 3:**<br>*Креирајте прашалник согласно индикаторите за некое од подрачјата за самоевалуација!* |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| **11:30 – 11:50** | Презентација на содржини од *Поврзување на индикаторите од прашалникот за самоевалуација со клучните подрачја на интервенција и Резиме и заклучоци од подрачјата на самоевалуација.* |
| **11:50 – 12:30** | **Вежба 4:** *Составете заклучок за некое од подрачјата на самоевалуација преку поврзување со индикаторите на самоевалуација!* |
| **12:30 – 13:00** | Ладен оброк |
| | **СЕСИЈА 3 (120 минути)** **Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата** |
| **13:00 – 13:20** | Презентација на содржини од подрачјата на вреднување: наставни планови и програми, постигања на учениците, учење и настава и поддршка на учениците и нивни индикатори, техники и инструменти на самоевалуација. |
| **13.20 – 14.00** | **Вежба 5:** Извори и документи за 1.3. Воннаставни активности. |
| **14.00 – 14.20** | Презентација на содржини од подрачјата на вреднување: училишна клима, ресурси и управување, раководење и креирање политики и нивни индикатори, техники и инструменти на самоевалуација. |
| **14.20 – 15.00** | **Вежба 6:** Направете анализа за примена на некоја техника или инструмент кој се користи во некое подрачје на вреднување! |
| **15.00 – 15.15** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 4 (120 минути)** **Законски обврски за спроведување на процесот на самоевалуација** |
| **15:15 – 15:40** | Презентација на содржини од  Идентификување на слабостите при работењето во училиштето. |
| **15:40 – 16:00** | Дискусија за ефикасна идентификација на силни и слаби страни на училиштето. |
| **16:00 – 16:40** | Презентација на содржини од Подготовки за акциски планови. |
| **16:40 – 17:00** | Законските обврски за спроведување на самоевалуацијата и придобивките од истата. |
| **17:00 – 17:15** | Дискусија за придобивките од законското спроведување на самоевалуацијата во училиштето. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Со подобрување на компетенциите на наставниците учесници во обуката се очекуваат следните ефекти врз воспитно-образовната дејност во училиштето:<br>– наставниците преку тимска работа ќе можат да спроведат СВОТ-анализа во училиштето;<br>– наставниците ќе можат да подготват инструменти за собирање податоци и информации за сите подрачја според кои се спроведува самоевалуацијата на училиштето;<br>– наставниците ќе можат да ги обработат собраните податоци потребни за самоевалуацијата;<br>– наставниците ќе можат да изготват извештај за спроведената самоевалуација. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Обуката е наменета за сите наставници во основните училишта.<br>Преку практичен и инклузивен пристап, активно учество на наставниците, работа во групи и споделување на искуства од нивната секојдневна пракса, тие ќе ги подобрат своите компетенции за спроведување функционална самоевалуација во училиштето.<br>**Дополнителна помош и поддршка за примена на стекнатите знаења од обуката и нивна почетна имплементација во сопствената работа наставниците ќе можат да добијат и по завршувањето на обуката.**<br>Добиениот сертификат од обуката ќе им помогне во нивниот кариерен развој. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на оддржување |
|---|---|---|---|
| Менторства<br>Современи методи за следење на активности и самоевалуација | Наставници од основни училишта КХАМ Делчево | 350 | 2020 |
| Менаџмент-вештини<br>Мајкрософт проект (Microsoft project)<br>СВОТ-анализа<br>Современи техники за едукација | Наставници од основни училишта КХАМ Делчево | 350 | 2021 |
| Активна настава<br>План за личен и професионален развој | Наставници од средни училишта СУГС „Сарај“ | 60 | 2021 |
| Проектен менаџмент во училиштето Превенција и справување со врсничко насилство | Наставници од основни училишта ООУ „11-ти Октомври“ | 96 | 2022 |

| ПРОГРАМА (НАСТАВНИЦИ) 7 | Наслов на програмата за обука: | Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште |
|---|---|---|
| **Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште** | Изведувач на обуката: | Универзитет во Тетово |
| КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА | Времетраење на обуката (во часови и денови): | 8 часа, 2 дена |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **I. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем**<br><br>родова еднаквост |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Кандидатите ќе се обучуваат за:<br>– воочување на разликите меѓу полот и родот како биолошка, односно социјална категорија;<br>– разликување и препознавање на секаков вид предрасудни и дискриминаторски однесувања од родова перспектива;<br>– препознавање на содржини со родово дискриминаторски содржини и пораки;<br>– препознавање на родово сензитивни содржини емитувани преку новите технологии, особено на социјалните мрежи;<br>– родово неутрално однесување кон сите учесници во социјално-училишниот живот. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **1. Животот и работата во училиште од аспект на родова перспектива**<br>Училиштето е значаен фактор во формирањето на личноста. Во него се стекнуваат значајни форми на верувања и однесувања. Хетерогеноста на училницата и на училиштето во голема мера придонесуваат за усвојување на позитивни форми на однесувања, за заемно почитување и прифаќање на разликите меѓу нејзините припадници.<br><br>**2. Да создадеме здрава училишна клима со еднакви можности за сите припадници**<br>Училишната клима претставува важен елемент од кој на директен и индиректен начин зависи напредокот и успехот на секое дете. Во создавањето здрава училишна клима не се доволни само пропишаните правила на однесување. Работата и придонесот на просветните работници се незаменливи за нејзината имплементација. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **3. Стереотипите од минатото немаат место во нашето училиште**<br><br>Во дел од книгите од кои учениците учат се застапени дела од минатото каде што животот и дејствијата се одвиваат во машки свет. Во 60-тите години од минатиот век се актуализираат феминистичките движења, а со тоа и феминистичката родова критика која се заснова на француската книжевна теорија и англо-американската книжевна теорија. Двете теории се фокусирани на моќноста на јазикот преку кој жената се претставува како претставник од втор ред. Врз основа на овие теории е развиен и концептот Женско писмо во кое припаѓаат сите содржини напишани од жени.<br><br>**4. Препознавам родово дискриминаторски содржини и пораки од медиуми**<br><br>Живееме во време кога сме зависни од медиумите. Содржините и пораките емитувани преку нив не кореспондираат со реалниот живот, особено на младите. Фокусот е комерцијален, важни им се делови со девојки и производи, додека за последиците треба да бидеме одговорни сите. Социјалните мрежи, преку кои сите комуницираме и веќе се реалност, честопати претставуваат место за зацврстување на предрасуди и стереотипи од родов карактер преку кои се врши дискриминација, особено кон припадниците на женскиот пол. |

## Агенда на обуката

| | **Прв ден** |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 1** |
| **10:00 – 12:00** | Животот и работата во училиште од аспект на родова перспектива |
| **(30 минути)** | Кафе-пауза |
| | **СЕСИЈА 2** |
| **12:30 – 14:30** | Да создадеме здрава училишна клима со еднакви можности за сите припадници |
| | **Втор ден** |
| | **СЕСИЈА 3** |
| **10:00 – 12:00** | Стереотипите од минатото немаат место во нашето училиште |
| **(30 минути)** | Кафе-пауза |
| | **СЕСИЈА 4** |
| **12:30 – 14:30** | Препознавам родово дискриминаторски содржини и пораки од медиуми |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | – Усвојување на знаења од областа на родовата еднаквост и нивното значење во надминување на социјалните општествени аномалии.<br>– Препознавање на родово сензитивни содржини, особено од областа на уметничката книжевност кои третираат теми од минатото или во кои жените и мажите не се претставени и застапени подеднакво.<br>– Укажување на секое родово непристрасно однесување меѓу учениците.<br>– Актуализирање на потребата од родово неутрални содржини во делот на воннаставните и вонучилишните активности.<br>– Создавање на позитивна работна атмосфера во училницата и училиштето од аспект на почитување, соработка и еднаквост. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

| ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ | | | |
|---|---|---|---|
| Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование | | | |
| **Тема на обуката** | **Учесници за кои била наменета** | **Приближен број на учесници во обуката** | **Година на одржување** |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |

II

# ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **10** | **Наслов на програмата за обука:** | **Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост** |
| **Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/ попреченост** | | **Изведувач на обуката:** | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа (2 дена x 4 часа)** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење - планирање и подготовка на наставата**<br>Знаење за инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост |
| Очекувани резултати | 1. Обучени наставници за реализација на современа настава преку практична примена на знаењата за поучување на ученици со посебни образовни потреби/попреченост.<br>2. Обучени наставници за имплементација на знаењата за самостојно изработување и применување на индивидуален образовен план, модифицирана програма и диференцијација на наставата.<br>3. Обучени наставници за инкорпорирање на нови стратегии во работењето со учениците со попреченост и вклучување на родителите во целокупното работење во училиштето. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Инклузија – законска регулатива** |
| | 1. Инклузија и инклузивно образование – разбирање на инклузијата како процес кој се имплементира во образовниот систем.<br>2. Употреба на инклузивен јазик – препорачан јазик и употреба на инклузивни зборови и термини. 3. Закони за инклузија – запознавање со законските одредби кои се однесуваат на инклузијата. |
| | **Тема 2:**<br>**Инклузивни тимови** |
| | 1. Училиштен инклузивен тим (УИТ) – значењето и потребата од формирање на УИТ.<br>2. Инклузивен тим за ученик – формирање на тим кој е во постојан контакт со образовниот процес на ученикот со попреченост за време на образованието на ученикот. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

Теми и кус опис на содржините за секоја тема

**Тема 3:**

**Ресурсен центар и центар за поддршка**

1. Основно училиште со ресурсен центар и центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост – улогата и поддршката која ја нудат во редовните основни училишта.
2. Видови поддршка за учениците со попреченост – видови поддршка обезбедена за учениците со попреченост.

**Тема 4:**

**Работа со ученици со попреченост во училиштето**

1. Категории на ученици со попреченост – видови попреченост кај учениците.
2. Принципи во инклузивното образование – запознавање со универзалната способност за образование, сите деца и ученици може да учат, да се развиваат, да постигнуваат и да придонесуваат во заедницата.

**Тема 5:**

**Диференцијација, ИОП (Индивидуален Образовен План) и модифицирана програма**

1. Структура и стратегии на диференцијација, ИОП и модифицирана програма – практични примери за изготвување и споделување на примери на добра пракса.
2. Идентификација на приоритети – согледување на моменталните можности и функционалности на детето, стекнатите компетенции и потреби за секоја област за која е потребна поддршка.
3. Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост – согласно изготвените планирања и програми за учениците со попреченост.

**Тема 6:**

**Стратегии за работа со ученици со попреченост**

1. Стратегии за работа со ученици со попреченост (слух, вид, телесна инвалидност, со пречки во психичкиот развој) – соодветни на можностите и функционалностите на детето.
2. Карактеристики за работа со учениците со попреченост – запознавање со основните карактеристики на одредени попречености и препорачани стратегии за учење и поучување на учениците со попреченост.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 7:**<br><br>**Улогата на родителите во училиштето**<br><br>1. Учество на родителите во организациските тимови на училиштето улогата на Советот  на родители и Училишниот одбор.<br>2. Учество на родителите во вонаставни активности – активно учествово планирање и организирање на вонаставни активности во училиштето. |
|---|---|

## АГЕНДА НА ОБУКАТА

**Инструмент за проверка на предзнаењата на учесниците во обуката.**

### Прв ден  - 4 часа

**СЕСИЈА 1 (120 минути)**

**Инклузија во основното образование**

| | |
|---|---|
| **10 минути** | Претставување на целите на обуката. |
| **20 минути** | Вежба:<br>**Нешто друго** – текст за поттикнување на мисли за инклузивност  и презентација на вежбата. |
| **20 минути** | Презентација на содржини од **Инклузија во основното образование.** |
| **15 минути** | Споделување на примери од пракса. |
| **20 минути** | Вежба:<br>**Употреба на инклузивен јазик.** |
| **15 минути** | Презентација на размислувањата за употребата на инклузивниот јазик. |
| **20 минути** | Вежба:<br>**Инклузивни тимови.** Презентација на вежбата. |
| **20 минути** | Пауза |

| | |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 2 (120 минути)**<br>**Ученици со попреченост** |
| **25 минути** | Презентација на содржини од ИОП, диференцијација и модифицирана програма. |
| **15 минути** | Споделување на примери од пракса. |
| **45 минути** | Вежба:<br>**Работилница.** Изготвување на ИОП, диференцијација и модифицирана програма – работа во групи од 4 до 5 учесници, презентирање на групите и фасилитирана дискусија. |
| **35 минути** | Презентација на содржини и дискусија. |
| | **Втор ден - 4 часа** |
| | **СЕСИЈА 3 (120 минути)**<br>**Инклузивни стратегии** |
| **25 минути** | Презентација на содржини за инклузивни стратегии. |
| **35 минути** | Вежба:<br>**Изготвување на листа со стратегии препорачани за одредена категорија на попреченост** – работа во групи од 4 до 5 учесници. |
| **25 минути** | Презентација од страна на учесниците во групата на листата со стратегии препорачани за одредена категорија на попреченост. |
| **25 минути** | Вежба:<br>**Изготвување на листа со дидактички материјали за работа кои соодветствуваат со можностите и функционалноста на учениците со попреченост.** |
| **10 минути** | Презентација на содржини и дискусија. |
| **20 минути** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 4 (120 минути) Улогата на родителите во училиштето** |
| **30 минути** | Презентација на содржини за улогата на родителите во училиштето. |
| **35 минути** | Вежба:<br>**Споделување на искуства од досегашната соработка со родителите и нивната улога во училиштето** – работа во групи од 4 до 5 учесници. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | | |
|---|---|---|
| | **20 минути** | Презентација на содржини од искуства од досегашната соработка со родителите и нивната улога во вашето училиште. |
| | **15 минути** | Презентација за учество на родителите во воннаставни активности. |
| | **20 минути** | Споделување на искуства од праксата за учество на родителите во воннаставни активности и дискусија за содржината. |
| Јазик на кој се реализира обуката | | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | | Со подобрување на компетенциите на наставниците учесници во обуката се очекуваат следните ефекти врз воспитно-образовната дејност во училиштето:<br>Наставниците учесници во обуката:<br>– ќе применуваат инклузивни пристапи во наставата;<br>– ќе посветат време за поучување на ученикот согласно неговите можности;<br>– ќе применуваат образовни инклузивни стратегии;<br>– ќе градат активна средина за учење и поучување на учениците со попреченост во која ќе се јакне интеракцијата ученик – наставник, ученик – ученик, ученик – асистент;<br>– ќе овозможат подобри резултати во совладувањето на наставните содржини кај учениците со попреченост согласно нивните можности;<br>– ќе им помогнат на родителите да сфатат дека е потребно нивно активно учество во сите домени во училиштето со цел да се подобри инклузијата и работата на училиштето. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | | Обуката е наменета за сите наставници во основните училишта. Преку интересен и инклузивен пристап, активно учество на наставниците, работа во мали групи и споделување на искуствата од нивната секојдневна пракса, тие ќе ги зајакнат своите компетенции за Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост. Стекнатите знаења и вештини од обуката наставниците ќе можат да ги применат во реализација на наставните часови преку изготвување и примена на планови и програми за ученици со попреченост во кои ќе бидат имплементирани соодветни стратегии за работа во зависност од попреченоста. Стекнатиот сертификат од обуката ќе им помогне во професионалниот развој и кариерниот развој. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење | Наставници од средните училишта – **акредитирано од БРО** | 6572 | 2021 |
| Подобрување на дигиталните вештини во наставата преку учење на нови ИКТ-алатки | Наставници од СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“ Наставници и кадар од СУГС „Цветан Димов“ | 63 | 2021 |
| Личен и професионален развој | | 67 | 2021 |
| Настава и учење во 21 век, создавање иновативни училишта – подготовка на учениците за 21 век | Наставници од средните училишта – **акредитирано од БРО** | 1326 | 2018 |

| ПРОГРАМА (НАСТАВНИЦИ) 12 | Наслов на програмата за обука: | **Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата** |
|---|---|---|
| **Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа (2 дена x 4 часа)** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење – реализација на наставата** |
| Очекувани резултати | 1. Обучени наставници за реализација на современа настава преку стекнати вештини за практична примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата.<br>2. Обучени наставници за имплементација на иновативни образовни модели на учење и поучување.<br>3. Обучени наставници за инкорпорирање на нови методи на интегриран пристап во структурата на наставниот час. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Иновативни пристапи во современото образование**<br>1. Педагошки иновации, цел и значење – модерното образование подразбира да се научат учениците самостојно да учат, да знаат и да ги применуваат и користат стекнатите знаења.<br>2. Иновативни технологии во образованието – потреби и можности за имплементација на иновативни технологии во наставата.<br>**Тема 2:**<br>**Активно учење како парадигма на современата настава**<br>1. Детерминанти на активното учење – разбирање на активното учење како парадигма „на новата култура на учење“, премин од поучување на учење, а потоа премин на самоучење.<br>2. Техники за иновативно размислување – обработка на техники за иновативно размислување со примери од добра пракса кои наставниците може да ги користат во реализација на наставата.<br>3. Практична примена на иновативна техника |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | |
|---|---|
| | **Тема 3:** <br> **Конструктивистичка настава** <br> 1. Улогата на конструктивистичката настава – значење на конструктивистичката настава како современ пристап во реализација на наставниот процес. <br> 2. Конструктивистичката настава и атмосферата во училницата – обработка на тоа што е добра атмосфера во училницата и комуникацијата меѓу учесниците во наставниот процес. <br> 3. Фактори кои влијаат на атмосферата во училницата – обработка и анализа на факторите кои влијаат на атмосферата во класот за време на часот. <br> **Тема 4:** <br> **Интегриран пристап во структурата на наставниот час АИДА (*AIDA*)** <br> 1. Инкорпорирање на нови методи на интегриран пристап во структурата на наставниот час (АИДА-метод) – обработка на улогата на АИДА-пристапот во структурата на наставниот час. <br> 2. Сценарио за наставен час – обработка на процесот на изготвување сценарио за наставен час според методот АИДА како пример за интегриран пристап во структурата на часот. <br> **Тема 5:** <br> **Моделот превртена училница како образовна иновација** <br> 1. Превртена училница – обработка и анализа на суштината на моделот превртена училница, основните карактеристики на овој модел, темелите на кој истиот се заснова. <br> 2. Превртената училница и Блумовата таксономија – критички осврт на паралелата меѓу моделот превртена училница и превртена Блумова таксономија, анализа на предизвиците од реализацијата на наставата во училницата и надвор од неа. <br> 3. Предности и недостатоци на моделот превртена училница – обработка и анализа на предностите и недостатоците на пристапот на моделот превртена училница. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

<table>
<tr><td>Теми и кус опис на содржините за секоја тема</td><td>

**Тема 6:**

**Имплементација на моделот превртена училница во пракса**

1. Чекори во имплементацијата на методологија на превртена училница – анализа на редоследот на активностите кои треба да се следат при имплементацијата на моделот превртена училница во наставата.
2. Спроведување на моделот на превртена училница – примери на сценарија за вториот и третиот образовен период, анализа на структурните елементи потребни за изработка на сценарио за наставен час во вториот и третиот образовен период со примена на моделот превртена училница.
3. Потребни ресурси за имплементација на моделот превртена училница – обработка и анализа на потребните ресурси за имплементација на моделот превртена училница во наставата.

**Тема 7:**

**Креирање сценарио за превртена училница**

1. Креирање на сценарија преку работа во групи – креирање преку анализа на примери од добра пракса за вториот и третиот образовен период во основното образование.
2. Презентација на изработените сценарија – дискусија, забелешки и коментари за презентираните изработени сценарија.

</td></tr>
</table>

## АГЕНДА НА ОБУКАТА

### Прв ден - 4 часа

**Сесија 1 120 минути**

**Иновативни пристапи и примена на активни техники во современото образование**

| | |
|---|---|
| **10 минути** | Претставување на целите на обуката.<br>Инструмент за проверка на предзнаењата на учесниците во обуката. |
| **15 минути** | **Презентација:**<br>Иновативни пристапи во современото образование. |
| **20 минути** | **Вежба:**<br>Наведете 3 до 5 образовни иновации кои ги користите во наставата! Работа во групи од 4 до 5 учесници, презентирање на групите и фасилитирана дискусија. |
| **15 минути** | **Презентација:**<br>Активно учење како парадигма на современата настава. |

| | |
|---|---|
| **20 минути** | Вежба:<br>Пет (5) зошто, со почетно прашање: Зошто е (не е) потребно примена на техники за креативно и иновативно размислување? |
| **20 минути** | Презентација:<br>Техники за креативно и иновативно размислување. |
| **20 минути** | Вежба:<br>Примена на иновативна техника во сценарио за наставен час. |
| **20 минути** | Пауза |
| | **Сесија 2 120 минути**<br>**Конструктивистичка настава и интегриран пристап во структурата на наставниот час** |
| **20 минути** | Презентација: Конструктивистичка настава. |
| **25 минути** | Вежба:<br>Кои се предизвиците, придобивките и можностите за реализирање на конструктивистичка настава? |
| **20 минути** | **Презентација:**<br>Интегриран пристап во структурата на наставниот час – АИДА (AIDA). |
| **15 минути** | Презентација на примери од добра пракса. |
| **40 минути** | Изготвување на сценарио за наставен час. |
| | **Втор ден - 4 часа** |
| | **Сесија 3 120 мин**<br>Моделот на превртена училница и **имплементација на превртената училница во пракса** |
| **15 минути** | **Презентација:**<br>Моделот превртена училница како образовна иновација |
| **20 минути** | **Вежба:**<br>Пет (5) зошто, со почетно прашање: Зошто (не) треба да ја превртиме училницата? Работа во групи од 4 до 5 учесници; презентирање на групите. |
| **15 минути** | **Презентација:**<br>Превртена училница и Блумова таксономија. |
| **15 минути** | **Вежба:**<br>Предности и недостатоци на превртената училница. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| 15 минути | **Презентација:**<br>Чекори за имплементација и методологија во превртена училница. |
| 20 минути | Спроведување на моделот на превртена училница во различни образовни периоди; примери на сценарија за вториот и третиот образовен период. |
| 20 минути | **Вежба:**<br>Наведете кои ресурси би ви биле потребни за имплементација на превртената училница во пракса! Работа во групи од 4 до 5 учесници. |
| 20 минути | Пауза |
| | **Сесија 4 120 минути**<br>Креирање сценарио според моделот на превртена училница |
| 50 минути | Изработка на сценарија за наставен час. |
| 35 минути | Презентирање на изготвените сценарија. |
| 20 минути | Иднината на моделот превртена училница – дискусија. |
| 15 минути | Инструмент за проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката.<br>Инструмент за задоволството на учесниците од обуката. |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Со подобрување на компетенциите на наставниците учесници во обуката се очекуваат следните ефекти врз воспитно-образовната дејност во училиштето:<br>Наставниците учесници во обуката:<br>– ќе применуваат иновативни интерактивни пристапи во наставата;<br>– ќе имаат повеќе време за поучување на секој ученик;<br>– ќе применуваат образовни иновации;<br>– ќе градат активна средина за учење во која јакне интеракцијата ученик – наставник, ученик – ученик;<br>– ќе овозможат подобри резултати кај учениците со давање можност да учат со своја динамика;<br>– ќе им помогнат на учениците да сфатат дека учењето треба да биде нивна сопствена цел и можност да го истакнат својот интелектуален потенцијал. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Обуката е наменета за сите наставници во основните училишта. Преку интересен и инклузивен пристап, активно учество на наставниците, работа во мали групи и споделување на искуствата од нивната секојдневна пракса, тие ќе ги зајакнат своите компетенции од **Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата**.<br><br>Стекнатите знаења и вештини од обуката наставниците ќе можат да ги применат во реализација на наставните часови преку примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата. Стекнатиот сертификат од обуката ќе им помогне во професионалниот развој и кариерниот развој. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење | Учесници за кои била наменета | 6572 | 2021 |
| Подобрување на дигиталните вештини во наставата преку учење на нови ИКТ-алатки | Наставници од средните училишта – акредитирано од БРО | 63 | 2021 |
| Личен и професионален развој | Наставници од СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“<br>Наставници и кадар од СУГС „Цветан Димов“ | 67 | 2021 |
| Настава и учење во 21 век, создавање иновативни училишта – подготовка на учениците за 21 век | Наставници од средните училишта – акредитирано од БРО | 1326 | 2018 |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **13** | **Наслов на програмата за обука:** | **Настава базирана на проблемски пристап** |
| **Настава базирана на проблемски пристап** | **Изведувач на обуката:** | Универзитет во Тетово |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **Четири сесии по 120 минути, еден ден** |

| **ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА** | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење – реализација на наставата**<br>**Учење како да се учи** |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | **Тема 1: Карактеристики на учењето по пат на решавање проблем во наставата.**<br>Очекувани резултати во рамки на оваа тема се: наставниците да бидат запознаени со карактеристиките на учењето по пат на решавање проблем во наставата, да стекнат сознанија на кој начин да ја променат својата улога од помагач во реализатор на образовни ситуации и со оглед на фактот дека сите содржини не се соодветни за решавање проблеми да знаат како да пронајдат соодветни содржини за реализација на настава базирана на проблемски пристап.<br>**Тема 2: Видови проблеми и подготвување на учениците за решавање проблеми**<br>Очекувани резултати во рамки на оваа тема се: наставниците да бидат запознаени со видовите проблеми, да ги препознаваат видовите проблеми и да можат, врз основа на трите вида научени проблеми, да креираат проблеми во рамки на своите предмети.<br>**Тема 3: Настава базирана на проблемски пристап**<br>Очекувани резултати во рамки на оваа тема се: наставниците да бидат запознаени со потребата наставата сè повеќе да има истражувачки карактер, како и со тоа дека една од клучните задачи на училиштето е учениците да ја сфатат наставната содржина онолку колку што е потребно за да можат самостојно да ги применат знаењата во целосно нови околности.<br>**Тема 4: Примена на стекнатите знаења**<br>Очекувани резултати во рамки на оваа тема се: наставниците да можат да ги поврзуваат теоретските знаења и информации со секојдневниот живот, да можат да изнаоѓаат применливо решение на поставените проблеми. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Карактеристики на учењето по пат на решавање проблем во наставата**<br>Учењето по пат на решавање проблем во наставата може да се сфати како решавање проблем (а не само како случајно наоѓање на решение) и увид во тоа како учениците ја сфатиле позадината на решавањето на проблемот, како го препознале и колку вешто ги користеле различните стратегии за решавање проблеми. На тој начин учениците активно учат да учат. Проблемот на современиот свет не е во количеството на проблеми кои нè опкружуваат, туку во перцепцијата на проблемот и способноста за решавање на проблемот.<br>**Тема 2:**<br>**Видови проблеми и подготвување на учениците за решавање проблеми**<br>Според Роберт Стернберг, проблемите се појавуваат во три форми: аналитички, креативни и практични. Решавањето на аналитичките проблеми бара да се направи голема анализа за да се најде решението. Ова се најобичните видови проблеми кои се појавуваат во училиште. Решавањето на аналитичките проблеми бара и други способности. На пример, наставникот може да им даде на учениците задача да ги најдат причините за Втората светска војна или причините за КОВИД-19. За решавање на овие задачи учениците ќе користат и други вештини, како што се: синтеза, барање на причина и последица, вреднување и во меѓувреме ќе поминат низ сите фази на процесот на решавање проблеми.<br>**Тема 3:**<br>**Настава базирана на проблемски пристап**<br>Во современата дидактика сè повеќе се бара наставата да има истражувачки карактер. Клучната задача на училиштето е учениците да ја сфатат наставната содржина онолку колку што е потребно за да можат самостојно да ги применат знаењата во целосно нови околности. На тој начин најмногу се развива нивното творечко мислење, што е главна цел на проблемската настава. Погрешно е да се мисли дека целта на проблемската настава се исцрпува со решавањето на проблемот. Решавањето на проблемот кој е поставен од страна на наставникот на часот може да биде моментна или поблиска цел, но секогаш треба да се има предвид  крајната цел, а тоа е развој на творечкото мислење на учениците. Решавањето на проблемот е средство за постигнување на таа цел. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 4:**<br>**Примена на стекнатите знаења**<br>Честопати од страна на учениците ги добиваме следниве прашања: „Зошто го учиме ова?“; „Како можеме да ја користиме оваа информација?“; „За што би ни служело ова што го учиме?“ Треба да признаеме дека некои работи кои учениците ги учат се обични факти кои учениците треба да ги знаат и кои не можеме да ги применуваме во секојдневниот живот. И тие информации кои не се применливи влијаат врз развојот на процесот на мислење и на вештините на мислење кои во текот на образованието ни служат како основа за добивање на други применливи информации. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА |
|---|---|
| 10:00 – 12:00 | СЕСИЈА БР. 1 |
| | **Тема 1:**<br>**Карактеристики на учењето по пат на решавање проблем во наставата** |
| 12:00 – 12:15 | Кафе-пауза |
| 12:15 – 14:15 | СЕСИЈА БР. 2 |
| | **Тема 2:**<br>**Видови проблеми и подготвување на учениците за решавање проблеми** |
| 14:15 – 15:00 | Пауза за ручек |
| 15:00 – 17:00 | СЕСИЈА БР. 3 |
| | **Тема 3:**<br>**Настава базирана на проблемски пристап** |
| 17:00 – 17:15 | Кафе-пауза |
| 17:15 – 19:15 | СЕСИЈА БР. 4 |
| | **Тема 4:**<br>**Примена на стекнатите знаења** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Се очекува учесниците во обуката да ги применат стекнатите знаења во унапредување на  целокупниот воспитно-образовен процес во училиштата, да креираат настава базирана на проблемски пристап и да извршат пренесување/дисеминација   на стекнатите знаења на колеги кои не учествувале во обуката. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу  пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |

| ПРОГРАМА (НАСТАВНИЦИ) 14 | Наслов на програмата за обука: | **Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми** |
|---|---|---|
| **Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа (2 дена x 4 часа)** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење – реализација на наставата** |
| Очекувани резултати | 1. Обучени наставници за практична примена на современи пристапи во наставата, активно учење и поучување.<br>2. Обучени наставници за самостојна реализација на проблемска, истражувачка и проектна настава. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Современи пристапи во наставата**<br>1. Промена на парадигмата за учење и поучување, менаџмент во училница – ученикот во улога на активен субјект во процесот на наставата, кој преку истражување и интеракција со други ученици и со материјалот усвојува нови знаења и ги развива своите вештини.<br>2. Компетенции на современиот наставник – потребните компетенции на наставникот и нивната поврзаност со успешноста во поучувањето на учениците.<br>**Тема 2:**<br>**Активно учење**<br>1. Активното учење како основен услов за квалитативна промена на свеста – обработка на современите принципи за организирање на активна настава.<br>2. Начини на поттикнување на активното учење – обработка на техники за активна настава  како форма за директно вклучување на учениците во процесот на учење.<br>3. Контекстуализација – соочување на учениците со проблеми во процесот на учење во училницата и надвор од неа, обработка на наставни содржини со активно вклучување на учениците за да можат да го применат наученото, односно функционализација на знаењето. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 3:**<br>**Решавањето проблеми – основа за критичко и креативно размислување**<br>1. Суштина и значење на поимот проблем и фази во мисловните процеси при решавање проблем – обработка на поимот проблем, неговото значење и суштина, карактеристики.<br>2. Фази во процесот на учење и анализа на проблем преку техниката Дрво – техника за пристапување кон анализа и решавање на проблем.<br>**Тема 4:**<br>**Проблемска настава**<br>1. Проблемска настава, карактеристики и типологија на проблемската настава – иновативен модел за работа со ученици за надминување на слабостите на традиционалната, предавачко-информативна настава.<br>2. Цели и фази на проблемската настава – чекорите на примена на проблемската настава.<br>3. Придобивки и предизвици од проблемската настава – елиминација на слабостите од класичната настава која се изразува во копирање и имитација наместо создавање.<br>**Тема 5:**<br>**Истражувањето како метод во проблемската настава**<br>1. Организација на проблемската настава, артикулација на час – начини на организација и методи на проблемската настава, можности за примена, повратна информација.<br>2. Истражувањето како метод за собирање податоци – активен, поткрепен и систематски начин на проучување со цел откривање, проучување и објаснување факти.<br>**Тема 6:**<br>**Истражувачка настава**<br>1. Истражувачкото учење и клучни карактеристики на истражувачката настава – истражувачкото учење како метод каде што наставникот ги поттикнува учениците да ги истражуваат проблемите.<br>2. Корелација меѓу истражувачката, проблемската и проектната настава – дистинкција меѓу овие три вида настава, сличности, разлики и преклопувања.<br>**Тема 7:**<br>**Проектна настава**<br>1. Дефинирање проект, цел, задачи и фази на проектот – поимот проект со карактеристиките, фазите, начините на негово презентирање и прикажување на пошироката јавност.<br>2. Поим за проектна настава и нејзини карактеристики – елементи на проектен циклус и начини на оценување/вреднување/евалуација на проектна задача. |
|---|---|

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 8:**<br>**Креирање и презентирање проектна задача**<br>1. Подготовка на наставникот за задавање проектна задача – презентација на подготвителните фази за планирање и реализација на проектна настава.<br>2. Креирање проектна задача и презентација – наставниците учесници ќе креираат проектна задача во групи, следејќи ги насоките, па потоа ќе презентираат. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА |
|---|---|
| | **Прв ден - 4 часа** |
| | **Сесија 1: (120 минути)**<br>**Современи пристапи во наставата и активно учење** |
| **10 минути** | Претставување на целите на обуката.<br>Инструмент за проверка на предзнаењата на учесниците во обуката. |
| **20 минути** | **Вежба 1:**<br>Пет (5) зошто (пополнување Работен лист 1), со почетно прашање: Зошто е (не е) потребен современ наспроти традиционален пристап во наставата? Работа во групи од 4 до 5 учесници; презентирање на групите. |
| **15 минути** | Презентација на содржини за новата парадигма на учење, за менаџмент во училница, за колаборативно учење, конструктивистички пристап. |
| **10 минути** | Дискусија за прашањето: **Како учат моите ученици?** и споделување примери од пракса. |
| **15 минути** | **Вежба 2:**<br>Т-табела за вистински/современ наставник и дискусија за компетенциите на современиот наставник. |
| **15 минути** | Презентација за улогата на наставникот во процесот на активно учење, синергија на тимската работа, комуникациски модели и отворена дискусија со споделување на примери од пракса. |
| **20 минути** | **Вежба 3: Грозд** за активно учење. |
| **15 минути** | Презентација за активното учење, активната настава и важноста од организирање на активно учење во училница, за техники на учење и АИДА-модел. |
| **20 минути** | Кафе-пауза |

| | |
|---|---|
| | **Сесија 2: (120 минути)**<br>**Решавање проблеми и проблемска настава како основа за развој на критичко и креативно размислување** |
| **20 минути** | **Вежба 4**:<br>Призма **Проблем**. |
| **20 минути** | Презентација за поимот проблем, фази во мисловните процеси при решавање проблем, фази во процесот на учење, фази во решавањето проблем. |
| **20 минути** | **Вежба 5**:<br>Анализа на проблем преку техниката *Дрво* (фронтално). |
| **20 минути** | Презентација за проблемска настава, цели и фази на проблемската настава, улогата на наставникот во проблемската настава. |
| **25 минути** | **Вежба 6**:<br>СВОТ-анализа на проблемската настава. |
| **15 минути** | Презентација за придобивките и предизвиците кај проблемската настава. |
| | **Втор ден - 4 часа** |
| | **Сесија 3: (120 минути)**<br>**Истражување како наставен метод и истражувачка настава** |
| **20 минути** | Презентација на содржини за организација на проблемска настава, артикулација на час, методи на проблемска настава, можности за примена и повратна информација (примери од пракса со чекори). |
| **20 минути** | **Вежба 7:**<br>Киплинг-прашања Истражување. |
| **20 минути** | Презентација за истражување, техники и структура на извештај. |
| **20 минути** | **Вежба 8:**<br>Прашање за во групи: Што (мислиме дека) знаеме за истражувачкото учење? |
| **15 минути** | Презентација за истражувачко учење, истражувачка настава. |
| **25 минути** | **Вежба 9:**<br>Венов дијаграм – поврзаност на проблемска, истражувачка и проектна настава (сличности и разлики). |
| **20 минути** | Пауза |

| | |
|---|---|
| | **Сесија 4: (120 минути)**<br>**Проект и проектна настава** |
| **25 минути** | **Вежба 10:**<br>Снежна топка Што е проект? |
| **20 минути** | Презентација на содржини за проект, фази на проектот, проектна настава, предности и недостатоци, вреднување на проектна задача. |
| **10 минути** | Насоки и чекори за креирање проектна задача. |
| **30 минути** | Креирање проектна задача. |
| **20 минути** | Презентација на проектната задача. |
| **15 минути** | Инструмент за проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката.<br>Инструмент за задоволството на учесниците од обуката. |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Со подобрување на компетенциите на наставниците учесници во обуката се очекуваат следните ефекти врз воспитно-образовната дејност во училиштето:<br>Наставниците ќе:<br>– применуваат проблемска, истражувачка и проектна настава;<br>– применуваат поучување преку истражување, откривање, решавање проблеми,<br>– анализирање, синтетизирање, извлекување заклучоци и споделување на сознанијата;<br>– користат применливи вештини за поттикнување и развивање на критичко и креативно размислување кај учениците;<br>– креираат стимулативна средина за повисоки мисловни процеси, критичко и креативно размислување. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Обуката е наменета за сите наставници во основните училишта. Преку интересен и инклузивен пристап, активно учество на наставниците, работа во мали групи и споделување на искуствата од нивната секојдневна пракса, тие ќе ги зајакнат своите компетенции од „Настава базирана на проблемски пристап (Problem based learning), учење преку истражување, игра, работа на проект, решавање проблеми, учење преку работа“. Стекнатите знаења и вештини од обуката наставниците ќе можат да ги применат во користење на разни современи пристапи и техники за менаџирање на наставата и активно учество во стекнување знаења кај учениците. Стекнатиот сертификат од обуката ќе им помогне во професионалниот развој и кариерното напредување. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

<table>
<tr><th>Тема на обуката</th><th>Учесници за кои била наменета</th><th>Приближен број на учесници во обуката</th><th>Година на одржување</th></tr>
<tr><td>Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење</td><td>Наставници од средните училишта – акредитирано од БРО</td><td>6572</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>Подобрување на дигиталните вештини во наставата преку учење на нови<br>ИКТ- алатки</td><td rowspan="2">Наставници од СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“<br>Наставници и кадар од СУГС „Цветан Димов“</td><td>63</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>Личен и професионален развој</td><td>67</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>Настава и учење во 21 век, создавање иновативни училишта – подготовка на учениците за 21 век</td><td>Наставници од средните училишта – акредитирано од БРО</td><td>1326</td><td>2018</td></tr>
</table>

| ПРОГРАМА (НАСТАВНИЦИ) 15 | Наслов на програмата за обука: | Настава за развивање критичко мислење кај учениците |
|---|---|---|
| **Настава за развивање критичко мислење кај учениците** | Изведувач на обуката: | Универзитет во Тетово |
| КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА | Времетраење на обуката (во часови и денови): | 8 часа (2 дена x 4 часа) |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II.** Поучување и учење – реализација на наставата<br>**Критичко мислење** |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Развивање на критичкото мислење преку активности кои ги развиваат вештините на критичкото мислење (поставување прашања, интерпретација, аргументација и вреднување). |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **1. Општ осврт кон критичкото мислење**<br>Развивање на вештината за поставување прашања кои поттикнуваат различни мисловни активности (Сократови прашања).<br>**2. Интерпретација**<br>Таа ќе се фокусира на интерпретацијата како училишна вештина каде што повеќе ќе се става акцент на интерпретацијата на изворот на информациите кои може да ги најдеме во училишните текстови.<br>**3. Аргументација**<br>Аргументацијата може да обезбеди силна основа за целосно и правилно разбирање на концептот. Таа ќе се користи како процес на зајакнување на тврдењата преку критичка анализа и размислување засновано на докази и логично расудување.<br>**4. Вреднување**<br>Највисоко ниво на мислењето во таксономијата на Бенџамин Блум, развивање на вреднувањето како вештина за постигнување успех во училиште. Клучна вештина во вреднувањето е ефикасната употреба на критериумите. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | **АГЕНДА НА ОБУКАТА** |
| | **Прв ден** |
| **10:00 – 12:00** | **СЕСИЈА 1 Осврт на критичкото мислење – Интепретација I** |
| **(30 минути)** | Пауза |
| **12:30 – 14:30** | **СЕСИЈА 2 Интерпретација II** |
| | **Втор ден** |
| **10:00 – 12:00** | **СЕСИЈА 3 Аргументација** |
| **(30 минути)** | Пауза |
| **12:30 – 14:30** | **СЕСИЈА 4 Вреднување** |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Откако учесниците ќе извежбаат како со дадените техники да развијат критичко мислење, се очекува овие техники да ги користат во нивните предмети/часови со своите ученици со цел да се развие критичкото мислење кај учениците. Со ова ќе се постигне подобро разбирање, усвојување на знаењата од страна на учениците. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **16** | **Наслов на програмата за обука:** | **НАСТАВА НАСОЧЕНА КОН РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ ОД ПОВИСОКО НИВО** (Методски пристапи за стекнување функционални знаења) |
| **Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво** | **Изведувач на обуката:** | Изведувач на обуката: УКИМ Педагошки Факултет Св. Климент охридски, Скопје и Здружение на информатичарите на Македонија – Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа (еден работен ден)** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење – реализација на наставата**<br>**Методика, компетенции за поучување и учење** |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Учесниците ќе се оспособат да:<br>– ја усогласат/менуваат наставната практика во согласност со меѓународните референтни точки на функционални знаења;<br>– воочуваат интервентни точки за методско редизајнирање на наставата;<br>– креираат наставни стратегии и техники за сите функционални нивоа;<br>– дизајнираат методски модели за развој на функционални знаења;<br>– применуваат функционални методски модели за стекнување знаења од различно функционално ниво;<br>– ги користат индикаторите за функционални знаења во процесот на оценување на постигањата на учениците. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **1. Функционалност на знаењата**<br>Содржината на оваа тема се однесува на современото толкување на писменоста и функционалноста на знаењата во три категории:<br>1. Идентификување на битната информација во одредено информациско опкружување.<br>2. Критичка перцепција на медиумски содржини.<br>3. Искористување на знаењата од одредена област во конкретни животни ситуации и во решавање на конкретни животни проблеми. Состојбите укажуваат дека од нашите училишта секојдневно излегуваат „писмени“ граѓани кои имаат проблеми со реализација на нивните секојдневни обврски. Притоа, потешкотиите на коишто наидуваат многу често се од функционална природа. Оттаму, функционалноста на знаењата ја разгледуваме од аспект на подобрување на компетенциите на наставниците во областа на планирањето и спроведувањето на настава ориентирана кон исходот (подигнување на нивото на методичкото знаење релевантно за целите и исходите од предметот/подрачјето) што ќе придонесе кон зголемување на функционалноста на наставната практика. Во тие рамки, темата ја третира Концептуалната рамка на функционалната писменост и индикаторите на функционалната писменост. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **2. Функционалните знаења во меѓународните студии за следење на писменоста: ПИРЛС, ТИМСС, ПИСА (PIRLS, TIMSS, PISA)**<br>Функционалните знаења на учениците од основното образование се цел и содржина на меѓународните студии за писменост. Оттаму, во оваа проектна содржина ќе бидат опфатени структурните и содржинските особености на функционалните знаења, како и методолошката рамка на меѓународните тестирања. Теоретската и апликативната поставеност на овие студии ќе овозможи воспоставување корелација помеѓу постоечките методски модели во македонскиот образовен систем и инструменталната и методолошката рамка на меѓународните тестови за функционална писменост.<br>**3. Фокусни подрачја за подобрување на функционалноста на наставната практика**<br>Наставната практика е комплексен процес во кој се испреплетуваат низа психолошки, педагошки и конкретни дидактичко-методски елементи. Анализата на одделните аспекти на планирањето и реализацијата на наставата од аспект на идентификување на имплицитните предизвици за стекнување функционални знаења овозможува доволно показатели за лоцирање на интервентните точки за дидактичко-методско реорганизирање на наставата со цел да се зголеми нејзината функционалност.<br>**4. Методски модели за развој на функционални знаења**<br>Методските модели на функционалната писменост претставуваат референтна рамка којашто претставува функционална целина која ги следи стандардите на функционалните знаења, интерактивните приоди на наставната работа и интегрираниот принцип на планирање и реализација на наставата.<br>**5. Пристапи за оценување на функционалните знаења на учениците**<br>Појдовната точка на методското дизајнирање на методите и инструментите за оценување на постигањата на учениците се националните дефинирани стандарди за учење и Стандардите за оценување ставени во корелација со нивоата на функционалноста на знаењата. Одредниците на функционалноста на знаењата се ставаат во функција на дополнување на постоечките пристапи за оценување на функционалните знаења на учениците. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА | |
|---|---|---|
| **09:00 – 09:15** | *Вовед во обуката* | Запознавање на учесниците, усвојување на агендата, презентирање на целите и на текот на обуката. |
| | **Функционален карактер на знаењата** | |
| **09:15 – 09:30** | Функционалност на знаењата | **Презентација:** Функционалниот карактер на знаењата како предуслов за квалитетен живот. |

| | | |
|---|---|---|
| **09:30 – 10:00** | Функционалните знаења во меѓународните студии | **Презентација:** Цели и методологија на меѓународните студии за следење на писменоста: ПИРЛС, ТИМСС, ПИСА (PIRLS, TIMSS, PISA). |
| **10:00 – 10:15** | Концептуална рамка на функционалната писменост | **Активност на учесниците:** Учесниците ги воочуваат индикаторите на нивоата на функционалната писменост во конкретни наставни предмети. |
| **10:15 – 10:30** | Индикатори на функционалната писменост | Презентација од страна на учесниците. |
| **10:30 – 10:45** | Пауза | |
| | **Функционалноста на наставната практика во РС Македонија** | |
| **10:45 – 11:15** | Компаративна анализа на модели за оценување | **Активност на учесниците:** Компаративна анализа на тестови за оценување од меѓународните студии со примероци на тестови од конкретни наставни предмети од нашата земја. |
| **11:15 – 11:30** | Корелација: настава – функционални знаења | **Активност на учесниците:** Презентација на добиените сознанија од страна на учесниците. |
| **11:30 – 12:15** | Фокусни подрачја за подобрување на функционалноста на наставната практика | **Презентација:** Што треба да се промени во методскиот концепт на наставата во насока на зголемување на нејзината функционалност? |
| **12:15 – 12:30** | Пауза | |
| | **Методски модели за стекнување функционални знаења** | |
| **12:30 – 13:00** | Функционалноста на наставната практика | **Презентација:** Функционалноста на наставната практика. |
| **13:00 – 13:30** | Фокусни подрачја за подобрување на функционалноста на наставната практика | **Активност на учесниците:** Учесниците работат во групи. Тие ги идентификуваат слабостите на наставната практика и клучните подрачја во кои се неопходни промени. |
| **13:30 – 13:45** | Подрачја на промени | **Активност на учесниците:** Презентација. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | | |
|---|---|---|
| **13:45 – 14:00** | Дискусија | |
| **14:00 – 14:30** | Пауза за ручек | |
| | **Функционалната писменост во практиката** | |
| **14:30 – 15:00** | Методски модели за стекнување функционални знаења | **Презентација:** Методска рамка за стекнување функционални знаења. |
| **15:00 – 15:30** | Функционалната писменост во наставната практика | **Активност на учесниците:** Дизајнирање на прашања, задачи, стратегии, техники за стекнување знаења од различно функционално ниво. Секоја група работи на конкретни образовни исходи и применува интердисциплинарен пристап кон наставниот процес. |
| **15:30 – 16:00** | | **Активност на учесниците:** Презентација на методските модели. |
| **16:00 – 16:15** | Пауза | |
| | **Функционалните знаења и оценувањето на постигањата на учениците** | |
| **16:15 – 16:30** | Функционалните знаења и оценувањето | **Презентација:** Функционалните знаења и оценувањето на постигањата на учениците. |
| **16:30 – 17:00** | Функционалните знаења и оценувањето на постигањата на учениците | **Активност на учесниците:** Работа во групи. Учесниците изработуваат инструменти за оценување на знаењата на учениците. Притоа, тие ги користат индикаторите за одредување на функционалното ниво. Групите работат на истите образовни исходи од претходната вежба. |
| **17:00 – 17:15** | | **Активност на учесниците:** Презентација на инструментите. |
| **17:15 – 17:30** | Заклучни согледувања и евалуација на обуката | |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/ турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Со реализацијата на програмата се очекува наставниците да се оспособат за прецизно дефинирање на функционалните знаења на учениците и за ефикасно конструирање на стимулативна образовна околина што е фокусирана на постигнување на знаења од повисоки функционални нивоа. Методските модели на наставата насочена кон резултати од учење од повисоко ниво обезбедуваат интеграција на содржините во рамките на еден или помеѓу повеќе наставни предмети и примена на функционални стратегии и пристапи. Ефектите од обуката се: подигнување на нивото на функционалност на наставната практика, учење во стимулативна образовна околина и подобрување на образовните постигања на учениците. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Стекнување методолошко – педагошки вештини во наставата | – наставниот кадар на Медицинскиот факултет | 30 | 2017 |
| „Целно насочени, интегрирани и интерактивни пристапи во предучилиш-ното воспитание и образование според програмата за рано учење и развој“ | – воспитувачи од детски градинки во Македонија | 200 | 2018 |
| „Development of Literacy and Language Learning for Disadvantaged Young Learn-ers (DEAL)“ - Erasmus + | – Наставен кадар на Педагошки факултети<br>– Одделенски и пред-метни наставници од основни учулишта | 50 | 2018 |
| Обука за наставници и студенти за стекнување на компетенции за гра¬ѓан-ско образование - меѓународен проект: „Preparing Future Teachers in the Wes-tern Balkans, Educating for Democracy and Human Rights“ Педагошки факул¬тет „Св. Климент Охридски“ во сора¬ботка со European Wergeland Centre, Norway and Zurich University of Teacher Education, Switzerland. Тековен проект, започнат 2020 година) | – Студенти на педагошките факултети<br>– Одделенски наставници | 60 | 2020 |
| Обука за стекнување на компетенции за менторирање на студенти - идни наставници во рамки на меѓународен проект: „Project Quality Teaching through Classroom Mentoring for future Teachers“<br>(Педагошки факултет „Св. Климент Охридски “ – Скопје во соработка со European Wergeland Centre, Zurich University of Teacher Education, Switzerland. Тековен проект, започнат во 2021 година). | – Наставници од основни и средни училишта | 100 | 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **17** | **Наслов на програмата за обука:** | **Дизајнирање објективни тестови на знаење** |
| **Дизајнирање објективни тестови на знаење** | | **Изведувач на обуката:** | Универзитет во Тетово |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 2 дена** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Поучување и учење – оценување на учениците** |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | – **Видови тестови**<br>Наставниците учесници ќе умеат да препознаваат видови тестови, да идентификуваат карактеристики на објективни тестови на знаења.<br>– **Развој на прашања за објективни тестови на знаења**<br>Учесниците ќе умеат да состават прашања според различни нивоа на знаења. Ќе умеат да состават прашања со краток одговор; со двочлен и повеќечлен избор; прашања со поврзување и илустрации.<br>– Бодирање на прашањата за објективни тестови на знаења<br>Се очекува учесниците да умеат да планираат бодирање на прашањата според нивоата на знаење на прашањата и според вредноста на прашањата.<br>– Тежина и дискриминативност на прашањата<br>Се очекува учесниците да можат да пресметаат тежина на прашања и да направат избор на прашања за конечен тест според индексот на тежина на прашањата. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **I Сесија**<br>**Тема: Видови тестови**<br>Тестовите за постигнување може да бидат од различни категории врз основа на формата, целта, методот и предметната област. За објективните тестови на знаења е карактеристично што се дефинитивни, јасни и се очекува дефинитивен одговор, обезбедуваат објективност во оценувањето, може да се бодираат објективно и лесно, за нив е потребно помалку време за одговор за разлика од есејските тестови. Пред составување на објективен тест на знаење важно е да се планира составувањето, земајќи ги предвид областите што ќе бидат опфатени и нивоата на знаења за оценување. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **II Сесија** |
| | **Тема: Составување на прашања** |
| | Објективните тестови на знаења имаат различни видови прашања, и тоа: прашања со кратки одговори, прашања со двочлен избор, со повеќечлен избор, со поврзани одговори и прашања со илустрации. Прашањата со краток одговор може да бидат формулирани како прашање, надополнување или заповед. Најчести прашања со двочлен избор се прашањата со опциите ТОЧНО/НЕТОЧНО. Прашањата со повеќечлен избор може да бидат со еден точен одговор, со повеќе точни одговори, со најдобар одговор. Прашањата со поврзување може да бидат со просто поврзување, поврзување со класификации. За прашањата со илустрации се користат цртежи, графикони, табели и сл. |
| | **III Сесија** |
| | **Тема: Бодирање на прашањата** |
| | Пред составување на објективен тест на знаење освен што се планира кои области/теми од предметот се опфаќаат, кои нивоа на знаења ќе се мераат, значајно е и планирањето на бодирањето на прашањата и оформувањето на оценката. Секое прашање се бодира според вредноста на самото прашање. |
| | **IV Сесија** |
| | **Тема: Индекс на тежина на прашањата** |
| | Тежина на прашањата е карактеристика која укажува на просечната присутност во примерокот на учениците вклучени во тестирањето. Тежината на прашањето се изразува со пропорција на застапеност на тие одговори кои укажуваат на поседување на дел од знаењето што го мери прашањето. Од индексот на тежина на прашањата зависи и дискриминативноста на целиот тест. Важно е процентуалната застапеност на прашањата во конечната верзија на тестот да биде според индексот на тежина на прашањата. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА |
|---|---|
| | **Прв ден** |
| **10:00 – 12:00** | **СЕСИЈА 1 Видови тестови** |
| **(30 минути)** | Кафе-пауза |
| **12:30 – 14:30** | **СЕСИЈА 2 Составување на прашања** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| | **Втор ден** |
| **10:00 – 12:00** | **СЕСИЈА 3: Бодирање на прашањата** |
| **(30 минути)** | Кафе-пауза |
| **12:30 – 14:30** | **СЕСИЈА 4: Индекс на тежина на прашањата** |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | 1. Проверка на задоволството на учесниците од обуката преку евалуациски лист.<br>2. Проверка на знаењата на учесниците стекнати во текот на обуката преку анализа на работните материјали за време на обуката. Исто така, евалуацискиот лист ќе содржи блок прашања за секоја тема одделно.<br>3. За следење на примената на стекнатите сознанија од обуката во наставата ќе се достави користен тест од страна на наставниците.<br>4. За мерење на ефектите од обуката во училиштата ќе се споредат оценките на учениците. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу 5 одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/ стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/ стручни соработници | 37 | 2018 |

| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **20** | **Наслов на програмата за обука:** | **Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.)** |
|---|---|---|
| **Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично)** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

| **ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА** | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | II. Поучување и учење – познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби |
| Очекувани резултати. | 1. Обучени наставници да применуваат методологија за професионален развој и кариерно советување на учениците во основните училишта.<br>2. Обучени наставници да планираат и да интегрираат професионален развој и кариерно советување во наставата.<br>3. Обучени наставници да применуваат менторски пристап во професионалниот развој и кариерното советување на учениците во основните училишта. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Улогата на училиштето во професионалниот развој и кариерното советување на учениците во основните училишта**<br>1.1. Основни аспекти на професионалниот развој и кариерното советување во основните училишта – теориски осврт на современите аспекти на професионалниот развој и кариерното советување, потребата, можностите и придобивките од нив како дел од целокупниот развој на децата од основно образование.<br>1.2. Фази во планирање на кариера кај децата – аналитичко поврзување на зрелоста на учениците и спремноста за професионален избор преку основните фази на планирање. |

| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | 1.3. Планирање активности за професионалниот развој и кариерното советување на учениците од основните училишта – иновативни идеи во планирањето кое се темели на резултати од учење од аспект на професионалниот развој и кариерното советување.<br><br>**Тема 2:**<br><br>**Јас и светот околу мене**<br><br>2.1. Практична примена на активна методологија во фазата на фантазија – реализација на работилници кои ги будат скриените фантазии кај учениците поврзани со нивните занимања од соништата, како облици за активно учење.<br><br>2.2. Клучните принципи кои наставниците треба да ги применуваат во фазата на фантазија – анализа и дискусија за придобивките од работилницата и можностите за обезбедување процес на учење, интеракција и развоен процес кај учениците.<br><br>2.3. Практична примена на активна методологија во фазата на самоспознавање  – реализација на работилници за градење „слика за себе“ кај учениците.<br><br>2.4. Клучни принципи кои наставниците треба да ги применуваат во фазата на самопроценка – анализа и дискусија за придобивките од работилницата и можностите за обезбедување процес на учење, интеракција и развоен процес кај учениците.<br><br>**Тема 3:**<br><br>**Знаење за светот на работењето**<br><br>3.1. Практична примена на активна методологија во фазата на истражување –  реализација на работилници кои овозможуваат истражување, анализа и селекција на информативниот материјал во однос на интересите за одредено занимање.<br><br>3.2. Клучни принципи кои наставниците треба да ги применуваат во фазата на истражување – анализа и дискусија за придобивките од работилницата и можностите за обезбедување процес на учење, интеракција и развоен процес кај учениците.<br><br>3.3. Креирање идеи за реални средби на учениците со светот на занимањата –  креирање листа на активности за реални средби произлезени од креативноста на учесниците.<br><br>3.4. Практична примена на активна методологија во фазата на донесување одлуки –  реализација на работилници со модели за донесување одлуки и примена на вештини за мотивација и менторирање на учениците.<br><br>3.5. Клучни принципи кои наставниците треба да ги применуваат во фазата на донесување одлуки – анализа и дискусија за придобивките од работилницата. |
|---|---|

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 4:**<br>**Интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во наставата по конкретни предмети**<br>4.1. Мојот предмет, моја креација – детектирање на содржини од наставните предмети што може да се прилагодат за потребите за професионален развој на учениците.<br>4.2. Дизајнирање наставна содржина со интегриран пристап за професионален развој – креирање наставна содржина Мојот предмет, моја креација.<br>4.3. Споделување на примери од добри практики – анализа на примери од добри практики кои манифестираат интегриран пристап на професионален развој во општообразовните наставни содржини. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 1: 120 минути** |
| 08:30 – 08:50 | Воведна вежба: Зошто сме успешна група? |
| 08:50 – 09:20 | Презентација: Основни аспекти на професионалниот развој и кариерното советување во основно училиште. |
| 09:20 – 09:50 | Искуствена анализа: Фази на планирање на кариера кај децата. |
| 09:50 – 10:30 | Вежба: Планирање активности за професионален развој и кариерно советување. |
| | **СЕСИЈА 2: 120 минути** |
| 10:30 – 10:40 | Вовед во темата: **Јас и светот околу мене.** |
| 10:40 – 10:55 | **Работилница 1: Замислувајќи ја својата идеална иднина.**<br>Мотивирачка активност: Големи луѓе во заедницата и во светот. |
| 10:55 – 11:35 | Вежба: личен постер Идеална иднина. |
| 11:35 – 11:50 | **Работилница 2: Јас сум...**<br>Мотивирачка активност: Јас сум... |
| 11:50 – 12:30 | Вежба: Погоди кој сум! |
| 12:30 – 13:00 | Пауза за ручек. |

## АГЕНДА НА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| | **СЕСИЈА 3: 120 минути** |
| 13:00 – 13:10 | Вовед во темата: Знаење за светот на работењето. |
| 13:10 – 13:25 | **Работилница 3: Светот се менува.**<br>Мотивирачка активност: Моите мотиватори. |
| 13:25 – 13:55 | Вежба: Уметноста на истражувањето. |
| 13:55 – 14:05 | Креирање идеи за реални средби на учениците со светот на занимањата. |
| 14:05 – 14:25 | Вежба: Донесување информирани одлуки. |
| 14:25 – 14:40 | Практична примена на вештини за донесување информирани одлуки. |
| 14:40 – 15:00 | Вежба: Моите одлуки. |
| 15:00 – 15:15 | Пауза за кафе. |
| | **СЕСИЈА 4: 120 минути** |
| 15:15 – 15:30 | Презентација за Интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во наставата по конкретни предмети. |
| 15:30 – 16:30 | Вежба: **Мојот предмет, моја креација.** |
| 16:30 – 16:50 | Анализа на добри практики. |
| 16:50 – 17:05 | Финални заклучоци. |
| 17:05 – 17:15 | Евалуација на обуката (задоволство на учесниците). |

| | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето се следниве:<br>– **наставниците ќе бидат способни да применуваат методологија која обезбедува градење визија и самоспознавање кај учениците;**<br>– **наставниците ќе бидат способни да применуваат методологија која ги вклучува учениците во процесот на истражување и запознавање со видовите занимања преку организирање реални средби;**<br>– **наставниците ќе умеат да креираат поттикнувачка работна средина со имплементација на ефективни стратегии за учење;**<br>– **наставниците ќе иницираат поголема ангажираност на учениците во стекнување когнитивни и практични вештини кои ќе овозможат примена на вештини за планирање и решавање проблеми и донесување информирани одлуки;**<br>– **наставниците ќе бидат способни да применуваат модели на учење преку прилагодување на примери од добри практики;**<br>– **наставниците ќе бидат способни да користат креативни идеи за интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во различни наставни предмети;**<br>– **наставниците ќе бидат способни да користат методологија за поттикнување самостојност  и мотивација за учење;**<br>– **наставниците ќе бидат способни да применуваат индивидуализиран пристап за следење на напредокот и менторска поддршка, согласно потребите на учениците и нивната визија за кариерен избор.** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Во ова динамично време кога се случуваат огромни технолошки промени и кога потребата од одредени професии исчезнува на сметка на други кои допрва треба да бидат креирани, кариерното советување станува една од најнеопходните активности во секоја образовна институција. Секој наставник кој ќе ја помине обуката  Професионален развој и кариерно советување на ученици (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) ќе може структурирано и насочено да ги води учениците низ процесот на самоспознавање и да ги отвори размислувањата за идната кариера на своите ученици во рамки на својот предмет. На тој начин обучениот наставник ќе добие нов професионален квалитет и нова улога во наставата, а ученикот ќе добие наставник кој ќе ги усогласи неговите знаења и способности стекнати низ образовниот процес со карактерните особини, афинитети, таленти и сл. во насока на професионалниот развој.<br><br>**По завршувањето на обуката во период од еден месец преку онлајн платформа учесниците наставници ќе добиваат поддршка и помош од страна на обучувачите. Со обезбедената поддршка на учесниците континуирано ќе им се даваат дополнителни насоки за правилно да ги практикуваат стекнатите знаења. Тие ќе можат да добиваат одговори на поставени прашања, да се консултираат за одредени содржини, да разменуваат искуства од реализирани активности во училиштата поврзани со обуката и др.** |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| План за личен и професионален развој | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 45 | 2022 |
| Справување со врсничко насилство и булинг | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 20 | 2022 |
| Животна средина и екологија – екоучилница | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Градење на тимови | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Развивање на критичко мислење кај учениците | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |

# III

# СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **22** | **Наслов на програмата за обука:** | **Справување со врсничкото насилство и кибернасилство** |
| **Справување со врсничкото насилство и кибернасилство** | | **Изведувач на обуката:** | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **III. Создавање стимулативна средина за учење - создавање безбедна и стимулативна средина за учење** |
| Очекувани резултати | 1. Обучени наставници за користење техники за превенција на врсничко насилство.<br>2. Обучени наставници за справување со врсничко насилство и кибернасилство. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **1. Врсничкото насилство во современото училиште**<br>– Концепт и значење на поимот врсничко насилство и видови врсничко насилство – обработка на современите значења на поимот врсничко насилство, со осврт на врсничкото насилно однесување во училиштата.<br>– Клучни аспекти за врсничкото насилство – обработка на аспектите за врсничкото насилство: возраст, пол, статистички показатели, последици, непријавување.<br>– Учесници во врсничкото насилство и нивната улога – обработка на карактеристиките на учесниците во врсничкото насилство.<br>**2. Анализа на фактичката состојба со врсничкото насилство во училиштето**<br>– Слаби и силни страни во детектирањето, справувањето и превенцијата на врсничкото насилство во училиштата – анализа на предизвиците и можностите за препознавање, превенција и справување со ситуации на врсничко насилство.<br>– Предизвици и можности во соработката на училиштето со родителите – анализа на можностите за соработка со родителите поврзана со врсничкото насилство.<br>**3. Кибернасилството – феномен на денешницата**<br>– Идентификација и видови кибернасилство – разработка на видовите кибернасилство и нивните карактеристики.<br>– Постапки и механизми за превенција и одговор на кибернасилство – обработка на стратегии за превенирање на опасности кои ги загрозуваат децата на интернет. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **4. Практични стратегии за превенција на врсничко насилство**<br>– Креирање позитивна клима во училницата – разработка на збир на постапки за унапредување на социјалната и емоционалната клима во училницата, како што се: емпатија, љубезност, поврзаност, позитивна повратна информација, правила.<br>– Сензибилизирање на наставниците за врсничко насилство во училниците – подготвување на наставниците да препознаат **сигнали кај учениците кои водат кон развој на ситуации на врсничко насилно однесување.**<br>**5. Искуствени практики за справување со врсничкото насилство во училиштето**<br>– Мерки за справување со насилството на различни нивоа – разработка на мерките за справување со врсничкото насилство во рамки на училиштето, на одделението и на индивидуално ниво.<br>– Погрешни насоки во справувањето со врсничкото насилство – обработка на **практични техники кои имаат неконструктивни последици** (групен третман, врсничка медијација, брзо извинување).<br>**6. Законска регулатива и соработка со други поддржувачи во превенција и справување со врсничко насилство**<br>- Институционални механизми за превенција и справување со врсничко насилство – **разработка на институционалните механизми за превенција и справување со врсничко насилство.**<br>- Холистички пристап: важноста на меѓусекторската соработка во постапките – разработка на форми на превенција и справување со насилство со меѓусекторски пристап и соработка меѓу релевантните сектори. |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА<br>СЕСИЈА 1: (180 минути) |
|---|---|
| 08:30 – 08:35 | Вовед во темата и начинот на работа. |
| 08:35 – 08:40 | Очекувања на учесниците од обуката. |
| 08:40 – 08:55 | **Формулар за проверка на знаењата на учесниците – Влезен прашалник.** |
| 08:55 – 09:00 | Групните правила како важен фактор за креирање позитивна атмосфера во училницата. |
| 09:00 – 09:10 | Енергизирачка тимска игра: Гума во круг – работа во групи. |
| 09:10 – 09:20 | Дискусија за тимската работа, за проактивноста во тимот во воведната игра и нејзино поврзување со темата за врсничко насилство – работа во групи. |
| 09:20 – 09:30 | Бура на идеи во мали групи: Видови врсничко насилство. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | | |
|---|---|---|
| | 09:30 – 09:50 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 09:50 – 10:05 | Пауерпоинт-презентација: Факти за врсничкото насилство (фактори, возраст...). |
| | 10:05 – 10:10 | Видеопрезентација: Учесници во врсничко насилство и нивната улога. |
| | 10:10 – 10:30 | Дискусија за препознавање на улогите во врсничкото насилство, прашања и заклучоци на темата – работа во групи. |
| | 10:30 – 10:40 | Бура на идеи во мали групи – анализа на фактичката состојба, слаби и силни страни во препознавањето, справувањето и превенцијата во училиштата. |
| | 10:40 – 11:00 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 11:00 – 11:10 | Предизвици и можности во соработката на училиштето со родителите – индивидуална работа преку налепници (стикери). |
| | 11:10 – 11:30 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | | **СЕСИЈА 2: (60 минути)** |
| | 11:30 – 11:40 | Споделување во мали групи: Видови кибернасилство. |
| | 11:40 – 12:00 | Игра на улоги: Прикажување примери за кибернасилство – работа во мали групи. |
| | 12:00 – 12:15 | Презентација на работата на малите групи (игра на улоги). |
| | 12:15 – 12:30 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 12:30 – 13:00 | Пауза за ручек. |
| | | **СЕСИЈА 3: (120 минути)** |
| | 13:00 – 13:10 | Анализа на тековни превентивни активности и можности во училиштето – работа во мали групи. |
| | 13:10 – 13:20 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 13:20 – 13:40 | Презентација: Превенција во рана возраст – знаци што не смеат да се пропуштат. |
| | 13:40 – 13:50 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 13:50 – 14:05 | Презентација: Техники за креирање позитивна атмосфера. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | | |
|---|---|---|
| | 14:05 – 14:15 | Споделување во мали групи – изнаоѓање алтернативни методи за пријавување на врсничкото насилство. |
| | 14:15 – 14:30 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата – работа во групи. |
| | 14:30 – 14:50 | Групна работа – анализа на мерки на ниво на училиште, одделение и индивидуални мерки и работа со родители. |
| | 14:50 – 15:00 | Погрешни насоки во справувањето со врсничкото насилство (групен третман, врсничка медијација). |
| | 15:00 – 15:15 | Пауза за кафе. |
| | | **СЕСИЈА 4 (120 минути)** |
| | 15:15 – 15:25 | Презентација на Упатство за справување со врсничко насилство од МОН. |
| | 15:25 – 15:55 | Дискусија и анализа на документот: дали се запознаени со документот, колку е применлив во пракса, дали го применуваат; споделување примери од пракса. |
| | 15:55 – 16:15 | Презентација за соработка со граѓански организации, центар за социјална работа, МВР – одделение за превенција и малолетна деликвенција. |
| | 16:15 – 16:40 | Дискусија, споделување, прашања, анализа и заклучоци за темата. |
| | 16:40 – 17:00 | Дискусија за промовирање на можностите за подобрување на соработката со родителите. |
| | 17:00 – 17:10 | Формулар за проверка на знаењата – Излезен прашалник. |
| Јазик на кој се реализира обуката | | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | | 1. Подобрување во препознавањето и превенирањето на врсничкото насилство меѓу учениците.<br>2. Подобрување во справувањето со врсничкото насилство и кибернасилството во училиштето.<br>3. Подобрување на разбирањето и толеранцијата помеѓу учениците.<br>4. Поголема соработка помеѓу наставниците и стручните служби, од една страна, и учениците, од друга страна, во насока на спречување на ученичкото насилство.<br>5. Зголемени активности на наставниците преку кои ќе го препознаваат и ќе го спречуваат врсничкото насилство.<br>6. Подобрување на успехот и редовноста на учениците.<br>7. Подобрена соработка помеѓу наставниците и родителите на учениците. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Справување со врсничкото насилство и кибернасилството е најактуелната тема за која се дискутира и дебатира во секое училиште, бидејќи токму насилството и кибернасилството се едни од најзначајните фактори кои влијаат врз воспитувањето и образувањето на децата во училиштето. Од таа причина ние силно веруваме дека секој наставник треба да ја помине обуката за да биде подготвен да се справи со овие предизвици. Убедени сме дека наставникот кој ќе ја помине обуката ќе биде високо компетентен со своите способности да воочи и да превенира каков било конфликт помеѓу учениците или да примени стратегии за на правилен начин да ги менаџира конфликтите со цел да спречи понатамошна ескалација.<br><br>По завршувањето на обуката во период од еден месец преку онлајн платформа учесниците наставници ќе добиваат поддршка и помош од страна на обучувачите. Со обезбедената поддршка континуирано ќе им се даваат дополнителни насоки на учесниците за правилно да ги практикуваат стекнатите знаења. Тие ќе можат да добиваат одговори на поставени прашања, да се консултираат за одредени содржини, да разменуваат искуства од реализирани активности во училиштата поврзани со обуката и др. |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| План за личен и професионален развој | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 45 | 2022 |
| Справување со врсничко насилство и булинг | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 20 | 2022 |
| Животна средина и екологија – екоучилница | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Градење на тимови | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Развивање на критичко мислење кај учениците | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |

| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) **23** | **Наслов на програмата за обука:** | **Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците** |
|---|---|---|
| **Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **III. Создавање стимулативна средина за учење - создавање безбедна и стимулативна средина за учење** |
| Очекувани резултати | 1. **Обучени наставници за примена на ефективна комуникација и конструктивно разрешување конфликти.**<br>2. **Обучени наставници за справување со конфликтни ситуации со и меѓу ученици.** |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1: Концептот на конфликт во современата училница**<br>1. Суштина и значење на поимот конфликт и видови конфликти во училницата (современите значења, аспекти и видови конфликтни стиуации во наставата).<br>2. Конструктивен и деструктивен приод кон конфликтите (конфликтните ситуации како закана или како предизвик и можност за раст и развој на поединец и група).<br>**Тема 2: Извори на конфликтни ситуации во училницата**<br>1. „Погрешна“ перцепција и недоволно разбирање во комуникацијата како фактор за нарушување на односите (извори на конфликти – ограничени ресурси, незадоволени базични потреби и различни вредности; нееднаква перцепција и развојни карактеристики на учениците како причинители).<br>2. Различностите, дискриминацијата и игрите на моќ – најчести поттикнувачи на конфликти (социјални, економски, родови карактеристики како основа за развој на конфликти меѓу учениците; влијание на стереотипи, предрасуди и говор на омраза во појава на конфликти).<br>**Тема 3: Последици од реакциите на конфликтни ситуации**<br>1. Позитивни ефекти од конфликтните реакции во училиштето (намалување на стресот, подобрени меѓучовечки односи во училиштето, мотивирани ученици и наставници, зајакнато чувство на задоволство и деескалација на тензијата).<br>2. Негативни ефекти од конфликтните реакции во училиштето (влошување на училишната клима и отежната внатрешна комуникација со негативно влијание врз резултатите на учениците). |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 4:**<br>**Комуникациски механизми за разрешување конфликти со учениците**<br>1. Стратегии за ефективна комуникација и активно слушање (преку ефикасна комуникација  кон намалување на конфликтите помеѓу учениците).<br>2. Разбирање на туѓото гледиште – емпатично однесување (влијание на емпатијата, продуктивноста во кооперативното учење и значењето на подучување за разбирање на другите во постигнување на подобар образовен успех).<br>3. „Јас-пораки“ – алатка за асертивна комуникација на потребите и желбите (асертивна комуникација со фокус на однесување кое промовира почитување на себеси и подготвеност за залагање за сопствените интереси и изразување на своите мисли и чувства).<br>**Тема 5:**<br>**Практични стратегии за управување со конфликтни ситуации меѓу учениците**<br>1. Справување со лутина и бес кај учениците (препознавање и прифаќање на  чувствата кај учениците и на начините на справување од страна на наставникот).<br>2. Шест (6) чекори за справување со конфликти меѓу учениците (соочување, сослушување, изразување на потреби, утврдување на разликите и заедничките потреби, креирање на солуции, договарање и практикување на заедничкото решение).<br>**Тема 6:**<br>**Влијанието на тимската работа врз развојот на вештини потребни во процесот на разработка и трансформација на конфликтите**<br>1. Интерперсоналните релации и нивно зајакнување преку тимски активности (вежби кои учат на интерперсонални вештини преку симулација на реални ситуации).<br>2. Градење на групна кохезија како превенција на конфликтни ситуации (конфликтот како природен дел од процесот на градење тим на учениците и соработката). |

| | АГЕНДА НА ОБУКАТА<br>СЕСИЈА 1: (120 минути) |
|---|---|
| 08:30 – 08:35 | Вовед во темата и начинот на работа. |
| 08:35 – 08:40 | Очекувања на учесниците од обуката. |
| 08:40 – 08:55 | Формулар за проверка на знаењата – Влезен прашалник. |
| 08:55 – 09:00 | Групните правила како важен фактор за креирање на позитивна атмосфера во училницата. |
| 09:00 – 09:10 | Енергизирачка игра: Ветерот дува за сите кои... – групна работа. |
| 09:10 – 09:15 | Дискусија за сличностите во воведната игра  – индивидуална работа. |
| 09:15 – 09:20 | Презентација:  Што е конфликт? (разбирање на поимот) – групна работа. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| 09.20 – 09:30 | Вежба: Позитивни, неутрални и негативни перцепции – групна работа. |
